МАГАЗИН НА МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ОДБРАНА

# ШТИТ

Број 191
Септември 2025




**Одбележување на празникот 2 Август – Денот на Републиката и на Првото заседание на АСНОМ**

**Централна свеченост по повод 18 Август – Денот на Армијата**

**Промовирани новите 29 „JLTV“ оклопни возила на Армијата**

ISSN 1857-6710







# Одбележување на празникот 2 А
# на Првото засед

По повод одбележувањето на празникот 2 Август, Денот на Републиката и на Првото заседание на АСНОМ, министерот Владо Мисајловски, заедно со заменик-претседателот на Владата и министер за односи меѓу заедниците Иван Стоилковиќ и министерот за правда Игор Филков, положија венец со свежо цвеќе во Меморијалниот центар во Пелинце, посветен на Првото заседание на АСНОМ, место кое ги чува спомените на оние кои со неуморна борба и жар ја изградиле основата на современа Македонија.

„Илинден е денот кога не само што го славиме историскиот успех на нашите предци, туку и се потсетуваме на нивната храброст, визија и борба за слободата на Македонија“, истакна министерот Мисајловски.

Делегација, предводена од началникот на Генерал-штабот на Армијата, генерал-мајор Сашко Лафчиски, положи свежо цвеќе на споменикот „Македониум“, на споменикот на хероите на месноста „Слива“ и на споменикот на бранителите на Крушевската Република „Мечкин Камен“ во Крушево.







# Август – Денот на Републиката и
# дание на АСНОМ

Делегации од Министерството за одбрана и Армијата, предводени од командантот на Командата за обука и доктрини, бригаден генерал Лулзим Нуредини, положија венци со свежо цвеќе на спомен-обележјата на првиот претседател на Президиумот на АСНОМ, Методија Андонов Ченто, споменикот на „АСНОМ“, пред споменикот на Никола Карев пред македонското Собрание во Скопје и на гробот на Никола Карев, споменикот „Слива“ и на Мечкин Камен во Крушево.

На прославата во Пелинце пред споменикот на Меморијалниот центар на АСНОМ, со положување свежо цвеќе почит оддаде и делегацијата предводена од командантот на Првата пешадиска бригада, бригаден генерал Дејан Чиплаковски.

Делегација од Армијата со положување на свежо цвеќе оддаде почит и на спомен-обележјата на могилата на Даме Груев, пред споменикот на смилевските илинденци, спомен-плочата на Партизанскиот одред „Даме Груев“ и споменикот на Даме Груев во село Смилево. ■

Издавач
Министерство за одбрана
на Република Северна Македонија



Главен и одговорен уредник
м-р Трајче Чатмов



Редакција:

Умит Реџепи
(технички уредник)



м-р Ксенија Митева (лектор)



Борче Лозановски (новинар)



Станка Петкова (новинар)

Печати:
„Винсет графика“ – Скопје




„ШТИТ“
е магазин на
Министерството
за одбрана
на Република Северна
Македонија

Излегува од печат еднаш во месецот и на web-страницата на Министерството за одбрана
https://mod.gov.mk/штит



10



12

# содржина

ШТИТ | година XVII | број 191 | септември 2025

Инфо
**33 години чувар на татковината...** 6

Инфо
**Промовирани новите 29 „JLTV“ оклопни возила на Армијата.........** 10

Колумна
**Стратешка амбиција преточена во 11 цели.......................** 15

Геополитика
**Значително зголемување на инвестирањето за одбрана и безбедност (втор дел).......................** 20

Вооружување
**Актуелни настани во НАТО..........** 22

Безбедност
**Заедничка безбедносна соработка.............................................** 24

Воена едукација
**Урбаната средина како борбена зона (Трет дел)................** 28

Сајбер-безбедност
**Дигитална форензика: Како битовите стануваат докази во судниците.............................................** 32

Воена едукација
**PoWiFi: Сензорска ефикасност преку безжично напојување..........** 34

Вооружување
**Дали дроновите можат да ја заменат конвенционалната артилерија (Прв дел)...........................** 36

Вооружување
**Оклопно тактичко возило „Зетор Герлах“.......................................** 38

Вооружување
**Турско оклопно возило на тркала „PARS Alpha“ 8x8 ................** 40

Историја
**Македонските илиндени – темел на современата македонска држава.............................................** 46



38



50

ПИШУВА:

**м-р Трајче Чатмов**
Главен и одговорен уредник

# КОН ОВОЈ БРОЈ

## Вовед

*Во пресрет на денот кога македонскиот народ доби конечно самостојна држава, 8 Септември 1991 година, го славиме нзјзначајниот месец, август, месец во кој Македонија со гордост одбележува неколку важни настани кои се суштински за нејзината историја.*
*На 2 Август се чествува денот кога во 1903 година започна Илинденското востание – настан кој ја означува решителноста на македонскиот народ за слобода и независност. Овој ден не е само спомен на храбрите борци за национална самостојност, туку и потсетник за потребата од континуирана посветеност кон нашата татковина, нејзино зачувување и развивање, движејќи се посветено кон зацртаните цели .*
*На 18 Август, пак, го празнуваме Денот на Армијата и на овој ден државата оддава почит на нејзината најсилна и најпосветена одбранбена сила. Оваа година централната прослава беше одржана во касарната во Штип каде присуствуваше целиот државен врв по повод 33. роденден на македонската армија. На централната свеченост беа построени и новопромовираните 26 потпоручници и 149 подофицери.*
*Празнувањето на овие значајни датуми е потсетник на македонската историја и достигнувања, но и израз на посветеност кон иднината на нашата земја.Повеќе од три децении исполнети со посветеност, пожртвуваност, знаење, храброст и одлучност во служба на татковината беа одбележани со пригодна програма и присуство на високи државни и воени претставници.*
*Овој месец дополнително го одбележа и пристигнувањето на нови 26 борбени возила од типот „JLTV“, со што Армијата на Република Македонија продолжува да се модернизира. Во контекст на оваа посветеност, континуираното осовременување е важен чекор во подобрувањето на безбедносната и оперативната способност на Армијата. Оваа модернизација, која ги одразува новите воени стандарди, ќе ја подготви армиската сила за сите идни предизвици и ќе ја зајакне позицијата на АРМ како модерна и современа сила.* ■

„Орце Николов“ 116
1000 Скопје

Телефони: 02 3128 276
https://www.mod.gov.mk/штит

Ставовите содржани во написите на надворешните соработници не ја презентираат официјалната политика или ставовите на Министерството за одбрана.

ПОЧИТУВАНИ ПРИПАДНИЦИ НА АРМИЈАТА И ВРАБОТЕНИ ВО МО,

Редакцијата на „Штит“ ве охрабрува да ни испраќате написи за позначајните активности и настани во рамките на вашата организациона единица. Вашите написи, информации или репортажи, со соодветни фотографии, можете да ни ги доставите на следните адреси:

trajce.catmov@mod.gov.mk
borce.lozanovski@mod.gov.mk
stanka.petkova@mod.gov.mk

*Централна свеченост по повод 18 Август – Денот на Армијата*



# 33 години чувар на татковината

Пишува: Борче Лозановски

Македонската армија минатиот месец го прослави својот 33. роденден. Армијата на Република Македонија е формирана во 1992 година, по осамостојувањето на Република Македонија, а за нејзин роденден е прогласен 18 Август, денот на кој во 1943 година на Славеј Планина, во славната Дебарца, бил формиран баталјонот „Мирче Ацев" - првата организирана и регуларна воена единица на македонскиот народ.

По тој повод, централната свеченост за 33-тиот роденден на нашите вооружени сили се одржа во касарната „Јане Сандански" во Штип, каде што покрај домаќините, претседателката и врховен командант на вооружените сили, Гордана Силјановска-Давкова, министерот за одбрана Владо Мисајловски и началникот на Генералштабот на Армијата, генерал-мајор Сашко Лафчиски, беа присустни и претседателот на Собранието, Африм Гаши, премиерот Христијан Мицкоски, министри во Владата, пратеници во Собранието, гости од воено-дипломатскиот кор, поранешни министри за одбрана и началници на Генералштабот, генерали во Армијата, претставници од локалната самоуправа, од организации со кои соработува Армијата, пријатели и роднини на новите офицери и подофицери во Армијата и други гости.



Настанот започна со промовирањето на новата класа офицери и подофицери, при што на најдобрите тројца потпоручници и водници им беа доделени признанија и плакети. Потоа претседателката Силјановска-Давкова му врачи „Орден за високи заслуги" на Центарот за обука на питомци и офицери. Како што беше кажано, Орденот е доделен за извонредни успеси во исполнувањето во основната мисија – организација, подготовка и реализација на обука со питомците и кандидатите

за офицери во Армијата, како и за особениот стратешки и долготраен придонес во изградбата и јакнењето на одбранбената способност на Армијата преку вложување во образованието и едукација на питомци и кандидати за офицери, со што се изградени посветени генерации и професионални воени лидери.

Потоа следуваа обраќањата на првите луѓе во одбраната, а прв пред присутните гости, како и пред построените ешалони од сите првопотчинети команди и единици на Генералштабот на Армијата, говореше началникот на Генералштабот, генерал-мајор Сашко Лафчиски, кој ја потенцираше довербата што Армијата континуирано ја ужива кај граѓаните.

„Армијата отсекогаш била еден од најважните столбови на државата. Таа е симбол на извонредност и профе-сионализам. Во минатиот период Армијата напорно работеше, а со јасното поставување на приоритетите значително ги подобри борбените функции и борбената готовност. Периодот кој следи го посветуваме на постојано зголемување на обученоста, подготвеноста и извежбаноста на сите нивоа на командување и контрола, имплементирајќи ги лекциите од современите војувалишта“, истакна генералот Лафчиски, повикувајќи заеднички да се продолжи со градењето на Армијата како модерна и доверлива сила, сила на мирот, стабилноста и достоинството.

Пригоден говор имаше и министерот за одбрана Владо Мисајловски, кој




искажа благодарност до сите вработени во одбраната за постигнатото во изминатиот период.



„Македонската армија денеска го слави својот 33. роденден. Триесет и три години напредок, триесет и три години безбедност на татковината и сигурност на граѓаните. За тоа што сме денес – организирана, високо професионална, исклучително почитувана армија, сакам да им се заблагодарам на сите мажи и жени во униформа и на сите вработени во одбраната. Вие сте олицетворение на вековниот стремеж за самостојност и независност, зашто одговорноста за суверена Македонија е ваша. Давaвте и продолжувате да давате сè од себе за Армијата и одбраната да продолжат да се движат напред и тоа го почитувам и го вреднувам. Денес можам да потврдам дека столбовите на кои ја градиме Армијата и одбранбените сили стојат цврсто. Со гордост ќе кажам дека македонската одбрана инвестира во развојот, се опремува и се модернизира и, што е многу важно - се подмладува и се пополнува. Тоа е гарант дека нашата сила и способност да бидеме темел на државата денес, ќе биде реалност и во иднина“.

Министерот Мисајловски наброја и дел од постигнатите успеси кои се резултат на макотрпна работа и силна посветеност кон вооружените сили, нешто што ќе продолжи и во иднина.

„Се соочивме и ќе продолжуваме да се соочуваме со бројни предизвици. Но, она што нè прави различни е нашата љубов кон татковината за која работиме со срце и душа. А, кога работите така, наоѓате решение за секој предизвик. Затоа и во следните 365 дена, до следниот армиски празник, ќе продолжиме посветено и напорно да достигнуваме нови резултати, нови успеси. Затоа што се работи за татковината и нејзината самобитност“, рече Мисајловски.



Завршниот збор на свеченоста го имаше Гордана Сиљановска-Давкова, врховен командант на Армијата. На свеченоста, претседателката изјави: „Македонската армија повеќе од три децении ја пишува својата приказна како вистински custos patriae, чувар на татковината. Нашата Армија е столб на мирот и стабилноста, од придонесот во мировната мисија УНИФИЛ до ангажманот во мисијата КФОР, каде во ноември 2020 година македонските мировници го достигнаа највисокото ниво на НАТО одговорност. Денес, над 180 армиски припадници под македонското знаме се вклучени во мировни мисии и операции. Македонската армија, иако по бројност е мала, таа е голема со својот дух, знаење и по љубовта кон татковината. Уверена сум дека, како и досега, така и во иднина, Армијата ќе биде подготвена да се вклучи и да вложи во сложениот, мултидимензионален и мултифункционален проект за градење на самоодржливи институции и системи во загрозена меѓународна и регионална стабилност и безбедност. Како врховна командантка на вооружените сили, ви изразувам длабока благодарност вам,



на храбрите војници, за вашата пожртвуваност, труд и посветеност. Нека овој ден биде потсетник дека слободата не е случајна, туку очекуван и заслужен плод на идејна определба и постојана борба за неа. Денеска им оддаваме почит на сите припадници на Армијата, ви се восхитувам на сите вас кои служите и ги охрабрувате оние кои ќе дојдат после вас. Нека ова биде инспирација за секој млад човек да ја гледа Армијата како место каде што може чесно и одговорно да се служи и да се учи како се сака, но и како се брани татковината. Посакувам, очекувам и верувам дека имаме и ќе имаме армија која секогаш ќе биде подготвена и способна да го штити нашиот територијален интегритет и независноста на Републиката и ќе продолжи да биде одлучен НАТО сојузник каков што доликува. Да продолжиме да градиме силна и кредибилна армија, којашто ќе ја брани татковината!“ ■

*Потпоручник Анастасија Ѓеровска, првенец во 25-тата класа питомци во АРМ*

# Ќе бидеме пример за оние што доаѓаат после нас

На свеченоста во касарната „Јане Сандански“ во Штип говореше и потпоручник Анастасија Ѓеровска. Таа, со чувство на длабока чест и благодарност што како првенец на 25-тата класа на питомци има можност да говори во името на генерацијата, истакна:

„Денешниот ден е момент што долго го очекувавме – не како крај, туку како почеток на една нова и многу поважна мисија. Првиот офицерски чин што го добивме не значи само постигнување, туку претставува одговорност што ќе ја носиме секојдневно, со целото срце и со цела чест. Поминавме 4 години исполнети со обука, дисциплина и предизвици. Не учевме само да ракуваме со оружје и да се движиме по терен, туку и како да бидеме лидери, како да размислуваме, да проценуваме и да донесуваме одлуки. Научивме дека честа не се носи само на рамото, туку се докажува со секој чекор. 25-тата класа ќе остане запаметена како генерација што знаеше да истрае, да остане обединета и да се издигне над секој предизвик. Ќе ја носиме оваа униформа со достоинство, ќе ја браниме татковината со лојалност и ќе им бидеме пример на оние што доаѓаат после нас. Во свое име и во име на генерацијата упатувам благодарност до нашите командири, професори и инструктори, кои нѐ водеа, нѐ формираа и нѐ подготвија да го носиме товарот на професијата што сме ја избрале. Благодарност и до нашите семејства кои ни беа тивка поддршка во најтешките денови.“ ■





# Обраќање на министерот Мисајловски и на генералот Лафчиски пред вработените по повод 18 Август – Денот на Армијата

На 15 август пред платото на Министерството за одбрана и Генералштабот, министерот за одбрана Владо Мисајловски и началникот на Генералштабот, генерал-мајор Сашко Лафчиски, по повод Денот на Армијата се обратија пред вработените, при што ја истакнаа нивната професионалност и посветеност на службата.

Министерот Мисајловски изрази почит и благодарност до сите жени и мажи во Министерството за одбрана и Армијата кои, како што рече, посветено работат за државата, нејзината безбедност и сигурност.

„Пожртвуваноста на припадниците на Армијата при справувањето со секојдневните предизвици за заштита на македонските граѓани е јасна и препознаена од македонските граѓани. Тие имаат силна доверба во вас и ви оддаваат почит и признание за вашата храброст и посветеност. Вредностите кои секој припадник на Армијата ги покажува секојдневно, се вредности кои ги негувате и вие – офицерите и подофицерите во Генералштабот и вработените во Министерството за одбрана, кои со посветеноста, професионалноста и интегритетот кој го имате го градите имиџот и на Министерството и на Армијата", рече тој.

Министерот истакна дека изминатиов период се започнати многу проекти. „Завршивме голем број проекти, како инфраструктурни така и проекти за опремување и модернизација на Армијата. Следниот период особено внимание ќе се посвети на подобрување на условите на работа за сите вработени, затоа што одбраната на државата зависи од сите вас".

Генералот Лафчиски порача: „18 Август е денот кој ги обединува сите денови на командите и единиците кои ги славиме во Армијата, тоа е празникот кој го празнуваат сите сегашни и сите поранешни припадници коишто изминатите 33 години придонесоа во изградбата на модерна македонска армија."

За време на свеченоста, делегација од Министерството и Генералштабот, предводена од министерот Мисајловски и делегација од семејствата на загинатите бранители, положија свежо цвеќе пред спомен-обележјето на загинатите бранители пред зградата на Министерството, оддавајќи им почит и благодарност за нивната пожртвуваност и храброст.

Претходно, делегации од Министерството за одбрана и Генералштабот, како и претставници од кабинетот на претседателката, Собранието, Владата и Организацијата на резервни воени старешини, положија венци со свежо цвеќе на Партизанските гробишта, на гробот на загинатиот претседател Борис Трајковски, на гробот на поранешниот претседател Киро Глигоров и на гробот на генералот Михаило Апостолски.

На свечениот собир на вработените во Министерството за одбрана и Генералштабот присуствуваа и заменикот на началникот на Генералштабот, генерал-мајор Азим Нуредин, државниот секретар Елизабета Чуповска-Ристова, директорот на Генералштабот, бригаден генерал Орце Јордев, вработени во Министерството и Генералштабот и останати гости. ■



# Промовирани новите 29 „JLTV“ оклопни возила на Армијата

Во присуство на премиерот Христијан Мицкоски, министерот за одбрана Владо Мисајловски, началникот на Генералштабот, генерал-мајор Сашко Лафчиски и амбасадорката на САД, Анџела Агелер, на 15 август во касарната „Јане Сандански“ во Штип беа промовирани новите 29 „JLTV“ оклопни возила, со што бројот на овој тип возила кои ги поседува Армијата се зголеми на 67.

„Како претседател на Владата, секогаш моите врвни приоритети се безбедноста на државата, чување на мирот и стабилноста на државата, бидејќи тоа се основните услови за да можеме да развиваме општество коешто ќе напредува и ќе овозможи подобра иднина за сите граѓани. Се разбира, нераскинлива алка на овие амбиции е и македонската армија", рече премиерот Мицкоски.

„Денеска, додаде тој, присуствуваме на овој настан што би рекол дека е продолжение на настанот што се случи пред една година, за којшто зборуваше почитуваната амбасадорка на САД и јас сум навистина горд што ете полека но сигурно се комплетираме и ја зајакнуваме македонската армија. Но, ние нема да застанеме овде, ќе продолжиме и понатаму“, порача премиерот.

Министерот Мисајловски истакна дека одбранбените капацитети на Армијата продолжуваат да се зголемуваат и да се зајакнуваат и дека во соработка со САД и програмите преку кои се вршат набавките за модернизација на македонската армија, бројот на лесни оклопни возила речиси двојно се зголеми.

„Новите 29 оклопни возила кои се набавени преку договорот „Влада со влада“ веќе се дел од Армијата. Со оваа нова достава се приближуваме до потребниот број возила, а дополнително очекуваме во скоро време да ни пристигнат и дел од оклопните возила „STRYKER“ кои, исто така, се од американско производство", истакна министерот Мисајловски и додаде дека возилата се предвидени за Лесната пешадиска баталјонска група, нашата декларирана единица која ќе биде подготвена за упатување во мисии во случај да има потреба.

Министерот информираше дека се потпишани и 7 нови договори со САД, проекти кои се во процес на реализација, а се однесуваат на набавка на опрема за специјалните сили, набавка на беспилотни системи, опрема за сајбер-заштита, лесно пешадиско вооружување, средства за лична заштита и комплет за контрола на здружен оган.

Амбасадорката Агелер подвлече дека овие лесни оклопни возила ја потврдуваат постојаната поддршка на САД на нашата земја и на нејзините одбранбени способности, а претставуваат и, како што кажа таа, „силен и моќен симбол на вашиот напредок кон постигнување на модернизирана војска, којашто ќе биде опремена и подготвена да се соочи со потребите и барањата на денешната комплексна безбедносна средина".

# Министерот Мисајловски и генералот Лафчиски на испраќањето на македонски контингент во воената вежба „Saber Junction 25“ во Германија

Македонски контингент од околу 280 војници со формациска опрема, вооружување и возила, меѓу кои и новите лесни оклопни возила „JLTV“, на 21 август во штипската касарна „Јане Сандански“ беше свечено испратен на воената вежба „Saber Junction 25“ која се реализира во Хохенфелс, Германија.

Министерот за одбрана Владо Мисајловски, кој присуствуваше на настанот, на војниците им порача да бидат горди што ја носат армиската униформа и што ја претставуваат државата пред сојузниците. „Ви посакувам многу здравје, покажете дека сме рамо до рамо со другите земји и дека можеме да покажеме квалитет", рече министерот. Тој, исто така, додаде дека за секој предизвик Министерството и Армијата се подготвени да ја дадат сета потребна поддршка.

Началникот на Генералштабот на Армијата, генерал-мајор Сашко Лафчиски, порача дека за прв пат од постоењето на Армијата формација од ваков состав, зајакната чета со сите елементи на маневар, на борбена поддршка и на самоодрживост, ќе биде распоредена на вежба.

Целокупните финансиски средства за учество во планирачкиот процес, подготовките, транспортот на персоналот и опремата, како и учеството на вежбата се обезбедени од буџетот на одбраната, што е доказ за посветеноста на Министерството на континуираното усовршување и извежбување на армиските припадници.



Македонскиот контингент, кој е најголем досега и кој учествувал на оваа серија вежби, е дел од Лесната пешадиска баталјонска група, што претставува можност за дополнителна подготовка пред претстојното оценување на борбената готовност, следната 2026 година. Освен развојот на интероперабилноста со сојузниците, едни од главните цели на вежбата се и извежбувањето на начинот на распоредување на поголема единица надвор од територијата на државата преку реализација на стратегиски транспорт до местото каде што ќе се одржи вежбата, како и самоодржливост и логистичка поддршка за време на реализацијата на вежбата.

На вежбата „Saber Junction 25“, која е во организација на Командата на американската армија за Европа и Африка, учество ќе земат голем број партнери и сојузници од НАТО земјите. ■

# Армијата и Министерството за одбрана им оддадоа почит на загинатите припадници на Армијата кај Љуботенски Бачила







Во спомен на загинатите припадници од резервниот состав на Армијата, кај месноста Љуботенски Бачила, делегација од Министерството за одбрана и Армијата, положи свежо цвеќе на спомен-обележјата на загинатите бранители.

По повод 24-годишнината од загинувањето на осумтемина припадници од резервниот состав, делегацијата, предводена од директорот на Генералштабот, бригаден генерал Орце Јордев, положи венци со свежо цвеќе на спомен-обележјата во с. Љубанци, во Волково, во касарната „Илинден“ и во Општината Ѓорче Петров.

На 10 август 2001 година со воено товарно возило на Армијата, на патот кај месноста Љуботенски Бачила, при активирање на мина животот го загубија: Томе Бадаровски, Гоце Чанкуловски, Бранко Јанев, Томислав Настевски, Марјанчо Бошковски, Ивица Златевски, Томе Димовски и Раде Јанковски. ■



# НОВА СПОРТСКА САЛА НА ВОЕНАТА АКАДЕМИЈА

Министерот за одбрана, Владо Мисајловски, заедно со премиерот Христијан Мицкоски и министерот за спорт Борко Ристовски, присуствуваа на започнувањето со изградба на новата повеќенаменска спортска сала на Воената академија „Генерал Михаило Апостолски" во касарната „Гоце Делчев".

После повеќе од 30 години ова е прв објект кој ќе се изгради на Академијата и ќе биде на располагање на питомците од Воена академија и Армијата, како и на учениците од општина Аеродром.

Со изградбата на модерна спортска сала, питомците на Воената академија и Армијата ќе добијат целосно опремен простор за физичка подготовка и тренинг, што е основа за нивната дисциплина, издржливост и тимска работа.

„Новата спортска сала е потврда за нашата посветеност на поддршката на младите и здравите животни навики. Преку овој проект, исто така, се покажува нашата посветеност кон подобрување на инфраструктурата на Воената академија и создавање на нови можности за младите генерации", истакна министерот Мисајловски. ■





# Прием на новопроизведени потпоручници во КО

Вкупно 23 новопроизведени потпоручници кои се распоредени на должности во потчинетите единици на Командата за операции (КО) во касарната „Боро Менков“ во Куманово, официјално беа примени од страна на командантот на КО, бригаден генерал Мирче Ѓоргоски. Генералот Ѓоргоски на новите офицери им посака добредојде и им честиташе за почетокот на нивната активна воена служба, порачувајќи им да работат професионално, одговорно и посветено.

„Командувајте со знаење и интегритет. Изградете исклучително професионален однос со подофицерскиот кор и искористете го нивното големо искуство и учете од нив. Ќе научите да ракувате со средства, оружја и системи, но најтешко е да се раководи со луѓе, затоа континуирано учете“, им порача генералот Ѓоргоски на потпоручниците.

На приемот присуствуваа и дел од началниците на секции во КО, а потпоручниците преку презентација беа запознаени и со структурата, мисијата и задачите на КО.

Од страна на началникот на секцијата Ј-1/КО, на потпоручниците им беа соопштени наредбите за поставување.

После приемот во Командата за операции, потпоручниците беа примени и во првопотчинетите единици на КО, во Првата пешадиска бригада, Извидувачко-разузнавачкиот баталјон и Баталјонот на Воената полиција. ■






# Обука на студенти, стипендирани од Министерството за одбрана за критични специјалности во Армијата

Во период од 14 јули до 1 август, во Центарот за индивидуална обука, кој е во состав на Командата за обука и доктрини во касарната „Алексо Демниевски- Бауман“ во Велес, се реализираше обука на студенти, стипендирани од Министерството за одбрана за критични специјалности во Армијата –Модул 2.

Целта на овој вид обука на студенти, стипендирани од Министерството за одбрана за критични специјалности во Армијата, е да ги прошират и унапредат основните и военостручни знаења и вештини, коишто ќе им помогнат во развивањето на индивидуалните способности за водење и командување со тим/одделение.

За време на тринеделната обука студентите накратко се запознаа со дел од темите на основната воена обука, и со тоа имаа можност да развијат чувство на припадност кон Армијата и кон заедничките вредности и идеи, да добијат можност за лично и професионално надградување, развивање и мотивирање на припадниците на воената организација.

После завршувањето на обуката се реализираше теоретски и практичен тест за проверка на стекнатото знаење. Со овој процес на обука и запознавање со војничките вредности, студентите ќе бидат уште повеќе стимулирани своите кариери да ги градат во единиците на Армијата. ■



# Втора седница на Собранието на ОРОРМ

Во Домот на Армијата во Скопје, со учество на 17 претставници на ООЕ (Општинска организациона единица) и еден претставник од Министерството за одбрана, г. Милан Андоновски односно, вкупно 18 учесници, се оддржа Втората седница на Собранието на ОРОРМ. На почетокот присутните ги



поздрави претседателот Драгољуб Столески, кој го предложи следниот дневен ред: усвојување на Деловникот за работа и избор на работни тела; Предлог-орентациона програма за работа на ОРОРМ за мандатен период 2025-2029 година; Предлог-програма за работа на ОРОРМ за 2025 година; усвојување на Предлог-финансиски план на ОРОРМ за 2025 година; Предлог-одлука за бројот и составот на органите и телата на Собранието на ОРОРМ; избор на органи и тела на Собранието на ОРОРМ и Предлог-одлука за измени и дополнување на Статутот на ОРОРМ. По усвојувањето на дневниот ред и изборот на работното претседателство, со седницата продолжи да претседава Александар Крајчев од Гевгелија, кој беше избран за претседател. Образложенија по точките од дневниот ред во кратки црти даде претседателот Драгољуб Столески, при што истите беа едногласно усвоени.

Значајно е да се напомене дека по усвојувањето на Одлуката за бројот и составот на органите и телата на Организацијата се пристапи кон избор на членови на Извршниот одбор, како и на тројца членови на Надзорниот одбор и петмина членови на Комисијата за статутарни организациони и кадровски прашања.■

# Билатерална соработка на општинско ниво

Во рамките на билатералната соработка, а по повод 80-годишнината од пробивот на Сремскиот фронт, Општинската организациона единица (ООЕ) од Тетово, предводена од м-р Радислав Коруноски, реализираше тридневна посета на Република Србија. На оваа билатерална активност учествуваа 8-мина членови на тетовската организација кои реализираа неколку активности за одбележувањето на јубилејот посветен на пробивот на Сремскиот фронт. На Сремскиот фронт својот живот го дале и голем број борци на Македонската народноослободителна војска, чиј придонес во завршните операции за ослободување на тогашна Југославија е од големо значење. Најпрво учесниците на оваа активност оддадоа почит со положување на свежо цвеќе пред бистата на македонскиот великан и апостол на македонската револуционерна борба Гоце Делчев во Јабука. Потоа тие го посетија и положија свежо цвеќе пред спомен-обележјето посветено на пробивот на Сремскиот фронт, во знак на почит кон хероите кои го дале својот живот за слобода. На крај членовите



на тетовската организација оствариja билатерална средба со збратимената Организација на резервни офицери од Крагуевац, на која разменија значајни искуства и воедно положија свежо цвеќе пред споменикот на 1300 каплари.■

# Традиционален марш „По врвиците на илинденците“

По повод 122-годишнината од Смилевскиот конгрес и Илинденското востание и 81 година од Првото заседание на АСНОМ, ООЕ на ОРОРМ Демир Хисар, предводена од претседателот Благоја Стојчевски и претставникот во Собраниетого на Организацијата од Демир Хисар и член на Извршниот одбор на Организацијата, Валентина Талевска, го организираше традиционалниот марш „По врвиците на илинденците". Маршот беше логистички поддржан од Републичката организација на резервни офицери на Македонија и градоначалникот на Општина Демир Хисар, г. Никола Најдовски.

Маршот се реализираше на релација манастир „Св. Петар и Павле“ – с. Смилево – спомен-парк „Даме Груев“. На овој марш во должина од 5 километри учествуваа и претставници од ООЕ на ОРОРМ од Кичево, Битола и Градската организациона единица од Скопје.

Значајно е да се истакне дека делегација на ОРОРМ, предводена од претседателот, Драгољуб Столески, положи свежо цвеќе пред спомен-костурницата на Даме Груев и спомен-плочата посветена на АСНОМ и НОБ во с. Смилево. како и пред споменикот на Даме Груев во спомен-паркот, каде свежо цвеќе заедно со претседателот Драгољуб Столески положија и учесниците на традиционалниот марш.

За организирањето на илинденскиот марш, градоначалникот на Демир Хисар, Никола Најдовски, на ОРОРМ и додели Благодарница.■





Пишува: Тони Мицевски

AMBASSADE DE FRANCE EN MACÉDOINE DU NORD
*Liberté Égalité Fraternité*

# Стратешка амбиција преточена во 11 цели



Пишува: Н.Е.Г. Кристоф Ле Риголер, Амбасадор на Република Франција

Бројот и интензитетот на конфликтите во светот достигнуваат невидено ниво од крајот на Втората светска војна. Русија ја продолжува својата агресивна војна против Украина и ги зголемува непријателските дејства кон Франција и нејзините европски партнери: руската закана е без преседан за интересите на Франција, за нејзините сојузници и партнери. Во годините што следат, главната закана за Франција и Европејците е ризикот од отворена војна во срцето на Европа, што би вклучувала значително ангажирање на француските вооружени сили надвор од националната територија.

Покрај тоа, најавеното намалување на американскиот придонес кон безбедноста на Европа ги принудува Европејците да го разгледаат ова сценарио и да обезбедат одбрана на Европа преку автономна способност за дејствување и зајакната сувереност во секој домен. Франција, како единствена членка на ЕУ која поседува нуклеарно оружје, мора да придонесе кон ова стратешко вооружување, особено во рамките на европската одбрана и НАТО, за потенцијално колективно справување со голем конфликт на континентот.

Овој нов контекст ја наметна потребата од ажурирање на Националната стратегија од 2022 година, со цел да се дефинираат нови стратешки цели за политиката на безбедност и одбрана на Франција. Новата Стратегија за 2025 година претставува интегрирана визија за безбедносните и одбранбените предизвици, како внатрешни така и надворешни, како и потребата да се земат предвид новите форми на конфликти кои ги засегаат и малите држави и ја загрозуваат кохезијата на нацијата (манипулирање со информации, сајбер-напади и сл.).

Стратегијата за 2025 година, исто така има одреден континуитет со Стратегијата од 2022 година, вклучувајќи го и приоритетот за зајакнување на европската одбрана (во рамките на ЕУ и НАТО). Таа ја потврдува и ја засилува сувереноста на Франција во сите области: нуклеарно одвраќање, воени операции и разузнавање, сајбер-безбедност итн.

Освен тоа, Националната стратегија потсетува на амбицијата за зајакнување на глобалната димензија на француската политика за безбедност и одбрана, како и на одбраната на францускиот модел и универзалните принципи и меѓународното право. Оваа национална и меѓународна амбиција се базира на зголемување на ресурсите за одбрана и национална безбедност, зајакнување на нашата стратешка автономија и на нашата суверена способност за дејствување. Таа се одвива во рамките на засилени сојузи и партнерства и во духот на стратешка солидарност, која е суштинска за нашата безбедност.

Новата стратегија особено ја нагласува клучната улога на Франција во зајакнувањето на европската одбрана и стабилноста на нејзиното источно соседство, било во рамките на ЕУ или НАТО, во кое Франција ќе остане доверлив и кредибилен сојузник. Франција сака, заедно со своите партнери, да биде вистински европски столб на НАТО.

Стратегијата, исто така, ги опишува средствата за дејствување на автономен и координиран начин со нашите партнери во областа на хибридните, сајбер и информативни закани. Ова е првата стратешка ревизија што целосно ја интегрира областа на информирање.

Овој стратешки пристап на Франција не е изолиран, а уште помалку себичен. Напротив, Франција верува во важноста на партнерствата и сојузите кои имаат иста цел – справување со сè поагресивните и ревизионистички стратешки конкуренти, особено за малите држави. Во овој контекст, Република Северна Македонија, како сојузник во НАТО, има целосно место во европската безбедносна архитектура. ■

Оваа стратешка амбиција е преточена во 11 цели:

1. Да постои ефикасно, кредибилно, независно и суверено нуклеарно одвраќање – основа на нашата одбранбена политика, способно постојано да ги штити нашите витални интереси, чие европско значење беше повторно потврдено од претседателот на Франција, Емануел Макрон.
2. Да се гарантира отпорноста на Франција, за да може истовремено да се справува со меѓународни кризи и хибридни дејства на националната територија.
3. Да се развие економија подготвена за војна.
4. Да се има сајбер-отпорност која трајно ќе ја смести Франција во првиот круг на сајбер-сили.
5. Да се одржи и да се зајакне улогата на Франција во корист на европската одбрана, особено кон Русија, преку зајакнат и ребалансиран европски столб на НАТО.
6. Да се придонесе кон вистинска промена на степенот на зајакнување на европските одбранбени капацитети на технолошки и оперативен план, а особено, во поглед на европската отпорност, на енергетски план.
7. Да се зацврсти нашата улога како доверлив партнер за суверенитет и кредибилен придонесувач кон безбедноста.
8. Да се обезбеди автономија во процената и загарантиран суверенитет во одлучувањето преку зајакнување на капацитетите за разузнавање, дејствување и предвидување.
9. Да се дејствува против хибридни акции.
10. Да има способност за донесување одлуки во воени операции.
11. Да постои академска, научна и технолошка извонредност во служба на францускиот и европскиот суверенитет.



# КОНФЛИКТОТ ПОМЕЃУ ХЕЗБОЛАХ И ИЗРАЕЛ:

# ИДЕОЛОШКИ ДИМЕНЗИИ И БЕЗБЕДНОСНИ ИМПЛИКАЦИИ



Пишува: д-р Ненад Танески

Конфликтот помеѓу Хезболах и Израел претставува еден од најдолготрајните и најкомплексните безбедносни предизвици на Блискиот Исток. Втемелен во политички, етнички, верски и геополитички тензии, овој конфликт има длабоки корени кои водат до 1980-тите години и се развиваат преку низа воени конфронтации, асиметрични напади и дипломатски застои.

Хезболах на арапски значи „Божја партија", шиитска исламска милитантна и политичка организација основана во 1982 година во јужен Либан, како реакција на израелската инвазија на Либан. Првиот поголем упад на Израел во Либан се случи во 1978 година, како дел од операцијата наречена „Операција Литани". Израел тврдеше дека ја започнал таа операција како одговор на континуираните напади од страна на палестинските вооружени групи како што е Палестинската ослободителна организација (ПЛО), коишто имаа свои бази на југот од Либан. Целта на оваа операција била воспоставување на тампон-зона со цел да се спречат понатамошни напади врз израелската територија. Израел за кратко време го окупираше јужен Либан, а воената операција резултираше со голем број цивилни жртви и раселување на локалното население. Меѓународната заедница, предводена од ОН, реагираше со испраќање на мировни сили („UNIFL"), коишто требаше да ја обезбедат стабилноста и повлекувањето на израелските трупи. Меѓутоа, и покрај повлекувањето на поголем дел од израелските воени сили, јужен Либан остана под израелска контрола преку сојузничките милитантни групи, особено Јужно – либанската

армија („SLA“), што беше постојан извор на тензии. Операцијата „Мир за Галилеја“ од 1982 година, беше далеку поголем и покомплексен воен ангажман на Израел во Либан. Поводот за инвазијата беше ескалацијата на насилството помеѓу Израел и ПЛО, вклучувајќи го и обидот за атентат врз израелскиот амбасадор во Лондон. Во тоа време Израел, под водство на министерот за одбрана, Аријел Шарон, одлучи да започне обемна воена операција, со цел не само да се неутрализира ПЛО, туку и да се постигнат и остварат политички промени во Либан. Во вакумот што следеше, Иран преку Револуционерната гарда помогна во создавањето и зајакнувањето на Хезболах, кој почна да се претставува како „отпор“ против израелската окупација на јужен Либан.

Во следните децении, Хезболах спроведуваше асиметрични напади врз израелската и Јужнолибанската армија. Во 2000 година, Израел се повлече од Либан, што се сметаше за симболична победа на Хезболах. Тој момент го зајакна легитимитетот на организацијата меѓу шиитското население, но и ја отвори вратата за понатамошна милитаризација и трансформација во парадржавен актор со сопствени вооружени сили, разузнавање и социјални институции.

На 12 јули 2006 година, Хезболах изврши граничен напад, при што уби и зароби израелски војници. Израел одговори со жестока воена кампања. Војната траеше 34 дена, со повеќе од 1200 загинати Либанци и околу 160 загинати Израелци. Израел беше погоден со над 4000 ракети, додека Либан претрпе масовна материјална штета. Војната заврши со Резолуција 1701 на ОН, која повика на прекин на огнот и распоредување на засилен контингент на УНИФИЛ на југот од Либан. Сепак, суштинските безбедносни прашања останаа нерешени.

По 2006 година, Хезболах продолжи со акумулирање на напредно вооружување, вклучително и прецизни ракети, беспилотни летала и модерни ПВО-системи. Израел, од своја страна, спроведуваше т.н. „војна во сенка“ во Сирија и Либан, насочена кон неутрализирање на иранското влијание и логистичките линии на Хезболах. Ова создаде постојана атмосфера на напнатост и нестабилност долж израелско-либанската граница.

По избувнувањето на конфликтот меѓу Израел и Хамас во октомври 2023 година, Хезболах значително ја засили активноста долж северната граница на Израел. До 2025 година, прекуграничните напади, воздушни и артилериски напади станаа речиси секојдневни. Иако досега се избегна целосна војна, опасноста од регионална ескалација останува реална.

Конфликтот меѓу Хезболах и Израел не е ограничен само на двете страни. Неговите безбедносни импликации се чувствуваат низ целиот регион. Сирија претставува клучен логистички и географски простор за трансфер на оружје и иранско влијание во Либан. Израел извршува редовни воздушни напади во Сирија против цели поврзани со Хезболах и Иранската револуционерна гарда. Секој напад може да ја влоши внатрешна состојба во Сирија и да предизвика дополнителни бегалски бранови и нестабилност. Јордан се обидува да остане неутрален и стабилен, но се соочува со зголемени безбедносни ризици поврзани со можен прилив на оружје, групи со милитантна идеологија и бегалци. Јорданската влада е загрижена за евентуалното зголемување на влијанието на проирански милиции. Иран преку шиитските милиции има силно влијание и во Ирак. Доколку дојде до поголем судир меѓу Израел и Хезболах, можно е активирање на ирачки шиитски милиции како дел од поширока „оска на отпорот“. Ова би ја зголемило внатрешната нестабилност во Ирак и би предизвикало поголема вмешаност на меѓународни актери. Иран е главен поддржувач на Хезболах и го





гледа како средство за проекција на моќ против Израел. Во случај на целосна војна, Иран би можел да го прошири фронтот со активирање на други прокси-сојузници. Но тоа би значело и зголемен ризик од директен конфликт со САД или Израел. Иако Турција не е директно вмешана, таа со внимание го следи конфликтот, а се поради сопствените интереси во Сирија, поддршката за Палестина и балансот со Иран. Влошување на состојбата би можело да влијае врз турските одбранбени и дипломатски позиции во регионот. Во однос на Персискиот Залив (Саудиска Арабија, ОАЕ, Бахреин), овие држави, кои имаат затегнати односи со Иран, гледаат на зајакнувањето на Хезболах како директна закана за регионалната безбедност. Ескалација би можела да ги натера да преземат координирани безбедносни или дипломатски мерки, вклучително и преку Советот за соработка на Заливот. Конфликтот има и широка безбедносна димензија за Европа, особено поради постоење на ќелии на Хезболах и логистички мрежи во европски држави. Ескалацијата би можела да доведе до зголемен ризик од тероризам, зголемен број бегалци и политичка нестабилност.



Идеолошката димензија на конфликтот меѓу Хезболах и Израел претставува еден од неговите најдлабоки и највлијателни елементи. Овој аспект не е ограничен само на политички цели или територијални прашања, туку вклучува и религиозни, националистички, револуционерни и идентитетски компоненти кои го одржуваат конфликтот жив дури и кога нема активни борбени дејства. Хезболах го претставува шиитскиот револуционерен идентитет и отпор против ционизмот. Хезболах произлегува од шиитската идеологија на исламската револуција во Иран (1979), предводена од ајатолахот Хомеини. Организацијата се темели на владеење на исламското право, духовна и политичка лојалност кон иранскиот врховен лидер. Кон Израел се гледа како кон „илегална и агресивна колонијална творба“ која мора да биде елиминирана, а Хезболах се спротивставува на западниот политички и културен хегемонизам во регионот, особено на влијанието на САД. Хезболах, преку својата реторика, го претставува

конфликтот не само како борба за либанска територија, туку како есхатолошки судир меѓу исламската праведност и Израел. Покрај тоа, Хезболах вешто користи и панарапска и антиимперијалистичка реторика, со цел да добие поширока поддршка меѓу сунитските и секуларните кругови во арапскиот свет, иако е шиитска организација.

Од друга страна, Израел се темели на идеологијата на ционизмот, кој ја дефинира државата како национален дом на еврејскиот народ. Ова има неколку клучни импликации. Израел гледа на своето постоење како остварување на историска и библиска правдина, што е дел од колективниот идентитет на Евреите по Холокаустот. Безбедносната доктрина на Израел произлегува од перцепцијата дека е во постојана егзистенцијална закана – и од државни (Иран, Сирија) и од недржавни актери (Хезболах, Хамас). Израел се стреми да одговори со жестоки и деструктивни акции при секоја закана, со цел да ја зачува сликата на непобедливост – што има и идеолошка, не само стратегиска димензија. Израел ја гледа Хезболах како терористичка филијала на Иран, која е дел од поширока идеолошка и воена „оска на злото". Притоа, Израелската држава тежнее кон одбрана на својот секуларен, демократски и еврејски идентитет, во спротивност со „тоталитарната и теократска идеологија" на Хезболах.

Иран е извозник на револуцијата и создавање на регионална „оска на отпор" и има клучна идеолошка улога во конфликтот. Влијанието на месијанските идеи го поттикнува Иран да гледа на себе како на предводник на борбата против неправедниот светски поредок. Иран ја гледа борбата против Израел како симболичен и реален фронт против САД и Западот, користејќи ја Хезболах како алатка на својата надворешна политика. Преку прокси идеологија, Иран гради шиитска мрежа од вооружени организации – Хезболах, Хути (Јемен), шиитски милиции во Ирак и Сирија – како дел од отпорот против „ционизмот и империјализмот".

САД и Западот го поддржуваат Израел и либерална визија за безбедноста. САД го поддржуваат Израел не само од стратешки причини, туку и како идеолошки сојузник – демократска држава во авторитарен регион. Американската политика се води од либерално-демократски вредности и поддршка за правото на постоење и самоодбрана на Израел, додека во борбата против тероризмот, Хезболах е класифициран како терористичка организација. Анти-иранската политика е во насока на противтежа на иранското влијание, особено по повлекувањето од нуклеарниот договор (2018 година).

Значајна улоха во конфликтот има и внатрешниот идеолошки судир во Либан. Хезболах претставува само еден дел од шиитското население, но доминира преку сила и влијание. Сунитските, христијанските и секуларните заедници често се спротивставуваат на идеолошкиот проект на Хезболах, гледајќи го како „држава во држава" која го влече Либан во туѓи војни. Политичките движења како Катаеб, ЛФ, и Движењето за иднината промовираат либански суверенитет, мир и воздржување од регионалните конфликти.

Конфликтот помеѓу Хезболах и Израел претставува еден од најсложените и најдолготрајни безбедносни предизвици на Блискиот Исток. Тој е повеќеслоен – етнички, религиозен, геополитички и идеолошки, и често служи како огледало на пошироките регионални спротивставувања, особено меѓу Иран и Израел. Воено, Хезболах прерасна од нерегуларна милиција во хибридна сила со способност за асиметрично војување, додека Израел гради стратегии кои комбинираат прецизен удар, технолошка надмоќ и дипломатска изолација на групата. Безбедносните последици од овој конфликт не се ограничени само на Либан и Израел – тие го дестабилизираат целиот источен Медитеран, ги зголемуваат тензиите во Сирија, ја загрозуваат стабилноста на Јордан и носат ризици од проширување на судирите во глобален контекст преку прокси-актери. Долгорочно решение бара интегрален пристап, кој ќе ги вклучи не само воените и безбедносните механизми, туку и политички дијалог, реформи во Либан и поголема регионална одговорност. Без тоа, постои ризик конфликтот да остане замрзнат извор на криза, подготвен за ново разгорување со секоја промена во регионалната рамнотежа. ■





# ЕФЕКТИТЕ ОД ОДЛУКАТА ОД САМИТОТ НА НАТО ВО ХАГ

## ЗНАЧИТЕЛНО ЗГОЛЕМУВАЊЕ НА ИНВЕСТИРАЊЕТО ЗА ОДБРАНА И БЕЗБЕДНОСТ (Втор дел)



Пишува: д-р Златко Кузманов

Во претходниот дел од трудот анализиравме како се дојде до одлуката во НАТО да се инвестира 5% од БДП за одбрана, што вклучува 3,5% од БДП за основни одбранбени потреби и 1,5% од БДП за инвестиции поврзани со одбраната и безбедноста во наредните 10 години. Во овој дел дел од трудот ќе направиме анализа за нејзиното можно влијание и ефектите врз развојот на одбраната и безбедноста на нашата држава. Оваа одлука беше одобрена од сите држави членки на НАТО Алијансата, но најголем дел од нивните највисоки државни раководства, како и државното раководство на нашата држава, истакнаа дека ова ќе претставува голем предизвик за доследно спроведување, особено ако се има предвид економската и финансиската основа во поголем дел од државите членки на НАТО. Достигнувањето на издвојување од 3,5% од БДП за основни одбранбени потреби во наредните десет години, изгледа и како остварлива цел, имајќи го предвид фактот дека одбранбениот буџет на нашата држава за 2025 година е на ниво од 2% од БДП. Се поставува прашањето, како ќе се успее паралелно да се издвојуваат и тие дополнителни 1,5% од БДП за инвестиции поврзани со одбраната и безбедноста (за заштита на критичната инфраструктура, одбрана на нашите мрежи, обезбедување на цивилна подготвеност и отпорност, ослободување на иновациите и зајакнување на заедничката одбранбена индустриска база), што би биле издвојувања во буџетите и на други министерства, агенции или преку директни владини програми.

Целта на одлуката од Хаг е државите членки да ги развиваат сопствените национални одбранбени и безбедносни капацитети и воедно да придонесуваат кон колективната одбрана и обврска во НАТО Алијансата, преку прифатените Цели на способности во НАТО. Од тие причини, во завршната декларација од Самитот во Хаг во точка 2 е наведено дека со тоа се запазува и обврската од членот 3 од базичниот Северноатлантски договор во кој е наведено: За поефикасно постигнување на целите на овој договор, страните, одделно и заеднички, преку континуирана и ефикасна самопомош и меѓусебна помош, ќе ја одржуваат и развиваат својата индивидуална и колективна способност за спротивставување од вооружен напад. Значи, се враќаме на суштинското прашање, како нашта држава да ја искористи ваквата одлука во НАТО и во значителна мера да ги зајакне и усоврши севкупните национални одбранбени и безбедносни капацитети.

За да се овозможи тоа, според наше експертско мислење, потребно е на ниво на највисоко државно раководство да се донесат одредени политички одлуки со кои ќе се дадат насоки како ќе се развива нашиот систем за одбрана, армијата и севкупниот систем за национална безбедност. Таквите одлуки ќе треба да бидат проследени со измени

и дополнувања на законските одредби во предметните закони од сферата на одбраната и безбедноста, донесување на нови закони, измена и донесување на нови – Стратегија за национална безбедност, Стратегија за одбрана, Стратегиски одбранбен преглед, Долгорочниот план за развој и опремување на одбраната, Концепт за idни вооружени сили, нова организациско-формациска структура на армијата, донесување на повеќе нови концепции за функционалните целини и области и други плански документи.

Со актуелните закони за одбрана и за служба во армијата и со стратегиските документи, утврдено е да се создава професионална, модерна и флексибилна армија, која може да ги извршува зададените одбранбени мисии и задачи и да дава соодветен придонес во колективната одбрана и одвраќање во НАТО Алијансата. Исто така, со овие документи се определува улогата, големината и организацијата на Министерството за одбрана. Сегашната бројна состојба на Армијата е предвидена да изнесува околу 6800 луѓе, додека Министерството за одбрана да располага со персонал до 1000 вработени. Реално се поставува прашањето, дали со ваква законска и стратегиска поставеност и големина, нашата армија и Министерството за одбрана ќе можат да одговорат на новите услови, барања, закани, предизвици и прифатени цели на способности.

Имајќи предвид дека веќе е донесена одлуката за издвојување на 1,5% од БДП за инвестиции поврзани со одбраната и безбедноста, цениме дека е легитимно да се размислува тие идни издојувања да се искористат за помасовно организирање и оспособување на граѓаните на државата за исполнување на нивната уставна обврска и должност за одбрана на државата. Односно, највисокото државно раководство и сите релевантни политички субјекти во државата да размислуваат за создавање на помасовен, поеластичен и порезистентен одбранбен и безбедносен систем, како дополнување и помош на веќе воспоставена професионална, модерна и флексибилна армија. Ова практично значи да се согледа можноста за повторно воведување на редовното служење на воениот рок, со цел поголем број од младата популација да извршува воена обврска со служење на воен рок и со служење во активните резервни сили на армијата. Придобивките би биле подобрување на одбранбениот и безбедносниот систем на државата.

Како споредба, вакви размислувања се веќе реалност и легитимни во повеќе НАТО членки. Во моментов, од 32 НАТО членки, во 3 држави, каде што претходно беше прекинато служењето, повторно е вратен задолжителниот воен рок (Литванија во 2015, Норвешка во 2016 и Шведска во 2018 година). Исто така, уште во 5 држави членки на НАТО сериозно се размислува за ова, се прават подготовки, а во дел се донесени и финални одлуки за повторно воведување на задолжителен воен рок. Тоа се државите Холандија, Германија, Франција, Романија и Хрватска. Значајно е да истакнеме дека од сегашните 32 членки на НАТО, во 9 од нив никогаш и не било укината обврската за задолжително служење на воениот рок, покрај тоа што имаат и професионални армии. Таква е состојбата во САД, Канада, Велика Британија, Данска, Финска, Естонија, Латвија, Турција и Грција. Може да заклучиме дека во моментов во 12 држави членки на НАТО постои законска обврска за редовно служење на воениот рок.

Концептуално и доктринарно, омасовувањето на одбраната и армијата и зголемената резистентност и еластичност на одбранбениот и безбедносниот систем, ќе го премости и надомести недостатокот и неможноста на државата да набавува скапи вооружени системи (за ПВ одбрана, борбени авиони и хеликоптери, современи ракетни системи, оклопни орудија-тенкови и транспортери и слично). На тој начин ќе може да се покаже поголем капацитет за одвраќање и одбрана со омасовување на одбраната, со оспособување на повеќе млади луѓе за одбранбени воени задачи и ракување со помасовен број на современи борбени орудија за ПВ одбрана на мали и средни височини, на помасовен број орудија за противоклопна борба на тактичко и оперативно рамниште, за ракување со помасовен број на дронови и беспилотни летала, за извидување, наведување и за нивна одбранбена и офанзивни намена, за оспособување на специјалисти за сајбер-одбрана, за електронски и противелектронски дејства, за воведување на нови технологии и слично. Накратко кажано, недостатокот и неможноста да набавуваме скапи одбранбени и офанзивни борбени системи, да го надминеме со помасовна набавка на ефикасни помали орудија за заштита од таквите



офанзивни системи, за чии ракување и оспособување ни е потребен поголем број на нови воени обврзници кои ќе бидат поддршка на постојниот активен армиски состав. На тој начин, цениме дека може поцелисходно да се искористи дел од издвојувањата од прокламираните 1,5% од БДП, секако и со вложувања од тие средства за одбранбено уредување на територијата, развивање на конкретни одбранбени индустриски капацитети (фабрики за вооружување, муниција, гранати, експлозиви, дронови, заштитна опрема, воена опрема и друго) и за развивање на системот за заштита и спасувањето и за управување со кризи. Со ваквото зајакнување на националните одбранбени капацитети ќе го зголемиме и придонесот на нашата професионална армија во колективната одбрана и одвраќање во НАТО. ■



# АКТУЕЛНИ НАСТАНИ ВО НАТО

# СТРАТЕШКИ ПРЕДИЗВИЦИ
## Русија и Кина



Пишува: полковник Драган Павловски

НАТО со децении се обидуваше да изгради партнерство со Русија. Војната во Украина која започна во февруари 2022 година имаше директно влијание на Стратешкиот концепт на НАТО за 2022 година, усвоен на Самитот на НАТО во Шпанија. Според овој концепт, Руската Федерација е најзначајната и најдиректната закана за безбедноста на сојузниците и за мирот и стабилноста во Евроатлантската област. Русија ги модернизира своите нуклеарни сили и ги проширува своите нови нарушувачки системи за испорака со двојна способност. Военото засилување на Русија, вклучително и во регионите на Балтичкото, Црното и Средоземното Море, заедно со нејзината воена интеграција со Белорусија, ја предизвикуваат безбедноста и интересите на Алијансата. НАТО и понатаму е подготвен да ги задржи отворените канали за комуникација, со цел управување и ублажување на ризиците, спречување ескалација и зголемување на транспарентноста, затоа што Алијансата не бара конфронтација и не претставува закана.

Шефовите на држави и влади на земјите членки на НАТО го прошириja сеопфатниот пакет за помош за Украина во повеќегодишна програма заради нејзино зајакнување во одбранбениот и безбедносниот сектор. Овие долгорочни проекти се широко фокусирани кон обнова и реконструкција и институционална трансформација и транзиција на Украина кон интероперабилност со НАТО.

НАТО и Народна Република Кина, едноставно кажано, не се партнери. Алијансата не ја смета НР Кина за противник и останува отворена за конструктивен ангажман. Стратешкиот концепт на НАТО јасно покажува дека сојузниците ги земаат предвид амбициите и политиката на НР Кина кои се однесуваат на технолошкиот напредок, злонамерните сајбер и хибридни активности, конфронтирачка реторика и дезинформации, како предизвик за сојузничките интереси, безбедност и вредности. Сојузниците, исто така, се свесни за потенцијалните безбедносни импликации од прекинот на синџирот на снабдување и нарушување во делот на технологијата или инфраструктурата, како што беше до пред некое време зависноста на сојузниците од рускиот гас. Во таа насока, сојузниците работат на намалување на стратешките ранливости и управување со поврзаните ризици и предизвици поставени од НР Кина во однос на евроатлантската безбедност. Во согласност со Стратешкиот концепт, сојузниците ја зајакнуваат нивната заедничка свест, зголемувајќи

ја нивната отпорност и подготвеност. Продлабочувањето на стратешкото партнерството меѓу НР Кина и Русија останува загрижувачко и е спротивно на сојузничките вредности и интереси. Алијансата продолжува да ја повикува НР Кина да игра конструктивна улога како постојана членка на Советот за безбедност на Обединетите нации, со придржување до целите и принципите на повелбата на Обединетите нации.

На Самитот на НАТО во Вилнус, лидерите на НАТО, исто така се осврнаа на предизвиците насочени кон јужниот дел на Алијансата, од страна на Блискиот Исток и Северна Африка, како и на регионите Сахел (биогеографски регион во Африка, преодна зона). Несигурноста во овие региони има директно влијание врз безбедноста на сите сојузници. Многу често дозволуваат ширење на терористичките групи со дестабилизирачко и принудно мешање од стратешките конкуренти. Сојузниците започнаа длабоко и сеопфатно размислување за постоечките, но и за новите закани и предизвици во јужниот дел на НАТО. За таа цел беше формирана независна група експерти за да ги анализираат предизвиците и можностите за ангажмани со НАТО партнери, меѓународни организации и други релевантни актери во регионот.

Во таа насока, преку Концептот за одвраќање и одбрана на евроатлантската област, фокусирајќи се на сегашноста и НАТО концептот „Warfighting Capstone" на подолг рок, Алијансата дополнително ја забрза својата адаптација во согласност со одлуките на Самитот во Мадрид во 2022 година. Со усвојувањето од Стратешкиот концепт за 2022 година, НАТО постави нова линија за одвраќање и одбранбено држење во линија со пристапот од 360 степени (од сите страни) против сите закани и предизвици од копнен, воздушен, поморски, сајбер и вселенски домен. Една од највидливите одлуки од Мадрид беше посветеноста на сојузниците за распоредување дополнителни борбено подготвени сили на источниот дел на НАТО. Постојат осум целосно оперативни мултинационални борбени групи во Бугарија, Естонија, Унгарија, Латвија, Литванија, Полска, Романија и Словачка. Овие борбени групи тесно соработуваат со нациите како домаќини и се поддржани од амбициозна програма за вежбање, фокусирани на сценарија за колективна одбрана од големи размери. Сојузниците покажаа дека можат брзо да ги зајакнат овие борбени групи до ниво на бригада, јасно демонстрирајќи ја подготвеноста за одбрана на сојузничката територија.

На самитот во Вилнус, лидерите на НАТО се согласија за дополнителни мерки за понатамошно подобрување на одвраќање и одбранбена положба на НАТО во сите домени. Овие одлуки вклучуваат договор за нова генерација регионални одбранбени планови кои новите гарантираат дека сојузниците можат да ги испорачаат вистинските сили во вистинско време и на вистински места.

Сојузниците, исто така, се согласија да продолжат со спроведувањето на моделот на сили на НАТО кој испорачува поголем базен на борбено способни сили, вклучувајќи сили со висока готовност за поддршка на Алијансата. Како дел од моделот на сили на НАТО, сојузниците воспоставија нови мултинационални и мултидоменски сили за реакција. Сојузничките сили за реакција се сила со висока подготвеност, што ја сигнализира солидарноста на Алијансата, придонесувајќи за по-



значително ја подобруваат способноста и подготвеноста на НАТО од какви било закани, појавувајќи се наеднаш и без најава. НАТО отсекогаш имал планови да ги одврати заканите и да ги брани сојузниците. Со оглед на промените во безбедносната средина, стратешката команда на НАТО со врховниот командант на сојузничките сили за Европа создаде нови планови за колективна одбрана. Тие го вклучуваат стратешкиот план за одбрана на Алијансата, специфични планови, како и регионални воени планови. Трите регионални планови, усогласени од лидерите на НАТО на Самитот во Вилнус во 2023 година, се сеопфатни и детални уште од времето на Студената војна. Оваа нова генерација на регионална одбрана има цел значително да го подобри и да го усогласи колективното планирање на НАТО со националното планирање за силите, способностите, командувањето и контролата. Плаложбата на НАТО во мирновременски услови, криза и конфликт, со елементи на копнена, поморска и воздушна сила, сили за специјални операции, сајбер, вселена, логистика и стратешки комуникации. Воедно, приспособувањето на командата и контролата на НАТО има цел да ја подобри способноста на НАТО за спроведување целосен спектар на мисии, вклучително и мултидоменски операции за колективна одбрана. Овие операции претставуваат клучна промена во пристапот на НАТО, разликувајќи ги од традиционалните заеднички, односно здружени операции со рационализиран систем за одбрана и одвраќање. Мултидоменските операции за колективна одбрана се однесуваат на способноста на НАТО да управува со воените активности низ сите оперативни домени и средини, синхронизирајќи ги со невоените активности. ■



# ЗАЕДНИЧКА БЕЗБЕДНОСНА СОРАБОТКА

Пишува: м-р Ксенија Митева

На 16 декември 2002 година, после многу дискусии, НАТО и ЕУ усвоија заедничка декларација за развојот на Европската безбедносна и одбранбена политика. Во Декларацијата се поздравува развојот на ЕБОП, чија цел е „развивање на инструментите и на механизмите што ги поседува ЕУ на полето на кризниот менаџмент и превенцијата на конфликти, а како израз на поддршка на нејзината Заедничка надворешна и безбедносна политика". Или, со други зборови кажано, Европејците ќе може да преземаат операции од кризниот менаџмент, вклучувајќи и воени операции таму каде што НАТО како целина не е ангажиран. Декларацијата обезбедува формална основа за соработка помеѓу двете организации на подрачјето на кризниот менаџмент и превенцијата на конфликти. Во оваа Декларација се потврдува дека НАТО останува темел на колективната одбрана на нејзините членки и дека зголемената европска улога придонесува за виталноста на Алијансата, особено на полето на кризниот менаџмент.

Декларацијата наведува неколку принципи на коишто се темелат стратегиските односи НАТО – ЕУ : партнерство, меѓусебни консултации, дијалог, соработка и транпарентност, почитување на државите членки на ЕУ и НАТО, почитување на принципите на Повелбата на ОН и усогласен, јасен и меѓусебен поттикнувачки развој на воените способности и на двете организации.

Практичната соработка во областа на кризниот менаџмент помеѓу НАТО и ЕУ, всушност е позната и како „Берлин плус" аранжмани. Станува збор за состанок на министрите за одбрана на НАТО земјите одржан во Берлин 1996 год. каде се поставени основите според кои Западноевропската унија им пристапува на НАТО капацитетите во текот на изведувањето на самостојни операции за решавање на кризи склучен помеѓу претставникот на ЕУ Хавиер Солана и генералниот секретар на Алијансата Џорџ Робертсон на 17 март 2003 год. „Берлин плус" аранжманите обезбедуваат рамка за соработка меѓу НАТО и ЕУ на полето на кризниот менаџмент, со што на ЕУ и се овозможува пристап до заедничките капацитети на НАТО за операции предводени од ЕУ. Во суштина, овие аранжмани и овозможуваат на Алијансата да ги поддржи операции-

те на ЕУ во кои НАТО како целина не е ангажиран. Тие се состојат од повеќе елементи и документи кои може да ги сумираме во следното: Безбедносната спогодба меѓу НАТО и ЕУ за размена и заштита на класифицирани информации; обезбедување пристап на ЕУ до планирачките капацитети на НАТО за изготвување воени планови за операции од кризниот менаџмент предводени од ЕУ; договорени процедури за отстапување, набљудување, враќање и повлекување на капацитетите на НАТО; договор дека заменикот на врховниот командант на НАТО за Европа, кој секогаш е Европеец, во принцип да биде оперативен командант за операции на ЕУ; инкорпорирање на воените потреби на ЕУ во системот на НАТО за долгорочно одбранбено планирање и на тој начин осигурување на добро обучени и опремени сили кои ќе можат да се користат истовремено и за НАТО и за ЕУ водени операции.



Првиот испит за функционирањето на оперативната соработка помеѓу НАТО и ЕУ беше операцијата „Конкордија" во Македонија од 31 март до 15 декември 2003 година. „Конкордија" е првата воена операција на ЕУ која ги користеше НАТО капацитетите врз основа на „Берлин плус" аранжманите. Операцијата „Конкордија" ја наследи операцијата „Сојузничка хармонија" која имаше цел да им обезбеди сигурност на набљудувачите на ЕУ и на ОБСЕ коишто го надгледуваа спроведувањето на охридскиот Рамковен договор постигнат во 2001 г. со кој беше спречен конфликтот помеѓу македонските Албанци и нашата држава. Во согласност со одредбите од пакетот „Берлин плус", главен командант на операциите беа Сојузничките сили во Европа , чијшто штаб беше во Скопје. Мисијата броеше 350 луѓе од 27 држави, од коишто 13 беа членки на ЕУ. Мисијата „Конкордија" ја замени полициската мисија на ЕУ – „Проксима" . Целта на оваа мисија беше да и се помогне на македонската полиција да се развие во согласност со европските и меѓународните стандарди, а особено да ја поддржи во напорите за сузбивање на организираниот криминал. Оваа мисија ја сочинуваа 200 луѓе. НАТО и ЕУ одржаа и една заедничка вежба за кризен менаџмент од 19 до 25 ноември 2003 год. под името CME-CMX03. Целта на бежбата била врз основа на практични искуства од заедничката соработка на НАТО и ЕУ во управувањето со кризи и со примена на одредбите од „Берлин плус" аранжманот да се унапреди идната соработка помеѓу овие две организации во оваа област. Втората мисија на ЕУ која се темели на „Берлин плус" аранжманот е мисијата „Алтеа" во Босна и Херцеговина. И двете мисии ја презедоа одговорноста од НАТО. Со цел ефикасно да одговори на мандатот на мисијата „Алтеа", ЕУ ги користи ресурсите на НАТО, неопходни за транспорт и снабдување на трупите под нејзина закрила.

Во ЕБОП доминираат цивилни операции, и тоа не без причина, бидејќи најголемиот дел од членките на ЕУ се и членки на НАТО. Ангажманот во одредени операции е производ на одредени политички, односно стратегиски процени. Затоа при соочувањето со вооружените закани по глобалната безбедност, тие се поподготвени да се ангажираат, дејствувајќи заедно со САД. Освен тоа, на Унијата и недостигаат одредени воени капацитети, пред сè се мисли на способноста за воздушен стратегиски транспорт, со што би се овозможило ангажирање на државите членки и на пооддалечени места каде има конфликти.



Хавиер Солана зборува за шест лекции кои ги научил за десет години постоење на ЕБОП. Тие, воедно, се и принципи на делувањена динамичната политика на ЕУ :

1. Мисија се започнува врз основа на консензус.

2. Водечка улога при развојот на воените капацитети ја има Европската агенција за одбрана.

3. Неопходно е да се разработи таков пристап за управување си кризите којшто ќе ги обедини воените и цивилните инструменти.

4. Операциите на ЕБОП не смеат да излезат од рамките на поставената политичка стратегија, што значи од рамките на Европската стратегија за безбедност.

5. ЕУ и НАТО не се соперници, конкуренти, и затоа е од клучно значење да се развива флексибилна рамка за заеднички настап.

6. ЕБОП постојано треба да се приспособува на новите предизвици. ■



# Главниот подофицер на баталјон – врвен професионалец во модерната армија



Пишува: главен наредник Горан Ќирковиќ

Во денешната динамична воена средина која постојано еволуира, главниот подофицер на баталјон игра клучна улога како професионален подофицер. Како советник на командантот на баталјонот, главниот подофицер е клучната врска помеѓу офицерскиот кор, подофицерите и војниците, обезбедувајќи дека намерата на командантот е јасно разбрана и извршена на сите нивоа. Оваа улога, не само што е вкоренета во Армијата, туку и постојано се развива за да ги задоволи потребите на мирновременските операции и модерното војување. Меѓусебното разбирање и доверба помеѓу овој критички и креативен мислител и командантот на баталјонот е од суштинско значење за целокупната работа во баталјонот и за извршувањето на мисијата.

## Основни должности и одговорности

Главниот подофицер, преку првите подофицери во четите, е оној којшто е одговорен за одржување на дисциплината, стандардите, обуката и благосостојбата на целиот персонал во баталјонот. Главниот подофицер ги спроведува и ги имплементира воените обичаи, учтивоста и професионалното однесување што се очекува од војниците, а истовремено е главен советник на командантот за сите прашања поврзани со подофицерите и војниците. Главниот подофицер обезбедува имплементација на политиките, ја надгледува програмата за развој на подофицери и ја оценува ефикасноста на обуката во целиот баталјон. Преку редовни обиколки, лидерство преку личен пример и тесна соработка со подредените, главниот подофицер ја одржува оперативната подготвеност и моралот на единицата. Тој/таа обезбедува нефилтрирани информации од четите до командантот на баталјонот, така што командантот добива чиста слика за состојбата на единицата. Искуството на главниот подофицер во обуката на сите нивоа во баталјонот, исто како и неговото познавање на сите фази на војувањето, е од суштинско значење за функционирањето на командниот тим.

## Придонес кон командниот тим

Како член на командниот тим, главниот подофицер на баталјонот е повеќе од само одржувач на дисциплината – тој е лидер, советник и резонатор. Успехот на баталјонот честопати зависи од синергијата помеѓу командантот, извршниот офицер и главниот подофицер. Во планирањето и донесувањето одлуки, главниот подофицер обезбедува целосен увид врз основа на искуството на терен, повратните информации од првите подофицери и условите во единицата. Тој/таа ја разбира намерата на командантот, ги визуализира подготовките и подготвеноста, ризиците и заштитата и воедно може да ги објасни моралот, дисциплината, правилата и методите на војување и подготвеноста на баталјонот за борба. Во процесот на донесување во-

ени одлуки, главниот подофицер на баталјонот со своето искуство дава предлози до командантот (во процесот на планирање до извршниот офицер), со кои придонесува за подобри правци на дејство.

Главниот подофицер преку првите подофицери обезбедува визијата на командантот јасно да им се соопшти на четите и обратно, тој ги пренесува и потребите на истите назад до командантот. Овој двоен тек на комуникација ја зголемува транспарентноста, кохезијата и довербата во рамките на единицата. Разбирањето на главниот подофицер и за стратегијата и за извршувањето го премостува јазот помеѓу тактичкото планирање и практичната имплементација, овозможувајќи му на баталјонот непречено да функционира и во рутински операции и во сценарија со висок притисок. Поради ова, неговата улога и во мир и за време на војна е непроценлива.

## Улогата на главниот подофицер на баталјон во мир и за време на војна

Во мирновременски услови, главниот подофицер на баталјонот е фокусиран на обуката, дисциплината и професионалниот развој. Тој лично, но и преку првите подофицери во четите, се грижи подофицерите и војниците да бидат ментално и физички подготвени за предизвиците со кои може да се соочат и одржува строг надзор на индивидуалните и колективните стандарди за обука. Главниот подофицер тесно соработува со првите подофицери на чета за да ги синхронизира напорите на единицата и да се справи со сите предизвици во подготвеноста на персоналот или моралот. Тој/таа соработува и со извршниот офицер и штабните елементи на баталјонот, со цел достигнување/надминување на стандардите во обуката.

За време на војна улогата на главниот подофицер станува уште пообемна. Притисокот од борбата бара смирен, искусен и почитуван лидер кој може да одржува дисциплина и фокус под оган. Тој/таа е сигурен дека персоналот од четите е обучен и оспособен да го имплементира концептот „Mission command“ во сите услови на боиштето. Главниот подофицер е борбен лидер, честопати надгледувајќи ги операциите од првата линија на фронтот за да се осигура дека логистичката и тактичката поддршка стигнуваат до сите елементи на баталјонот. Тој/таа обезбедуваат лидерство на бојното поле со зајакнување на дисциплината, управување со жртви и заробеници и обезбедување персоналот од баталјонот кој треба да се придржува до правилата на војување и да има етичко однесување во сите услови.

## Советување и менторство

Фундаментален аспект на лидерството на главниот подофицер е менторството и советувањето. Тој обезбедува професионално водство, не само на подофицерите и војниците, туку и на помладите офицери кои го развиваат својот лидерски идентитет. Со споделување лични искуства, всадување на армиските вредности, патриотизам и зајакнување на важноста на емпатијата и одговорноста, главниот подофицер ги обликува идните лидери.

Како најискусен и највисоко рангиран подофицер во баталјонот, главниот подофицер ги советува и ги менторира не само првите подофицери во четата, туку и сите подофицери и војници во баталјонот, со цел зајакнување на дисциплината, моралот, подобрување на стандардите во изведувањето на обуката, физичката подготвеност, итн. Тој/таа преку процесот на советување и менторство воедно врши увид и евалуација на подготвеноста на баталјонот за извршување на мисијата, за што на дневна основа го известува командантот.



Младите офицери со тукушто завршени воени академии или курсеви за офицери на служби, пожелно е да се потпираат на мудроста и процената на главниот подофицер за да се снајдат во сложеноста на лидерството. Главниот подофицер им помага да ја разберат човечката димензија на лидерството - како да ги мотивираат подофицерите и војниците, праведно да ги спроведуваат стандардите и да градат почит преку компетентност и личен пример. Овие менторски односи честопати се клучни искуства во кариерата на офицерот, кои ја дефинират неговата професија, воедно помагајќи им да станат подобри лидери кои ја разбираат виталната улога на подофицерскиот кор во Армијата.

Главниот подофицер на баталјон го отелотворува срцето и душата на баталјонот. Како искусен, дисциплиниран и визионерски настроен подофицер, главниот подофицер е во центарот на лидерството, комуникацијата и извршувањето. И во мир и за време на војна, главниот подофицер е личноста која е сигурна и одговорна дека баталјонот останува подготвен, кохезивен и способен. Додека војската продолжува да се модернизира и да се адаптира, улогата на главниот подофицер на баталјон останува суштински непроменета – безвременски лидер, ментор и одржувач на професијата. ■



# УРБАНАТА СРЕДИНА КАКО БОРБЕНА ЗОНА (Трет дел)



Пишува: Виктор Крстевски

Борбата во урбана средина како воена операција се однесува на воени офанзивни или дефанзивни операции за заземање или одбрана на цели градови и нивни предградија во услови на тотална војна. Завојуваните страни имаат јасно дефинирани воени единици и позиции, додека воените операции се плански акции на конвенционално војување, каде се применуваат сите начела и принципи на војување во согласност со прифатените конвенции, законот за вооружен конфликт, военото право и меѓународно-хуманитарното право. Кај ваквиот вид борба доаѓа до организирана употреба на сите армиски единици, во подолг временски период и на поголем простор, од еден до неколку градови, или, пак, на целата територија на една или повеќе држави како боиште. Изразената употреба на воените ефективи резултира со континуирана суровост со висок степен на смртност и разурнување, преку долготрајни и исцрпувачки борби.

Воената историја е богата со примери за најразлични воени операции во урбана средина, каде што на европското боиште нема поголем град за кој не се водела битка во некоја од поголемите европски или светски војни. Примери во поновата историја на војување се битката за Грозни, за Вуковар, за Фалуџа, за Алепо и други битки кои можат да бидат добар пример за проучување од страна на воените аналитичари и стратези, со посебен нагласок за борбите во урбаните средини во Руско-украинската војна (Мариопуљ, Бахмут, Курск итн.).

**Битката за Грозни** е во рамките на Првата чеченска војна која се водела од декември 1994 до март 1995 година. Оваа битка била реализирана со воена окупација на градот од страна на руската армија, преку изведување на урбани операции со висок интензитет во време од околу два месеци, каде што е забележано најмасовно гранатирање на еден град после Втората светска војна. Руската армија, организирана во три борбено-тактички групи составени од здружени (комбинирани) родови во улога на сили за задача, извршиле напад на градот од три правци, после застрашувачка артилериско-ракетна подготовка на теренот со сите расположиви орудија. Оваа тактика е позната како „напад на град" (град-метеоролошки поим) и требало да овозможи длабока пенетрација на руските комбинирани оклопно-пешадиски сили во центарот на градот. Чеченските единици биле организирани во борбени групи од околу дваесет лица, дополнително поделени во противоклопни огнени тимови од тројца до четворица борци. Секој огнен тим се состоел од противоклопен специјалист, вооружен со „RPG-7" или „RPG-18", митралезец и стрелец. Познавањето на градското подрачје од страна на чеченските борци, поврзаноста на нивните огнени позиции, силниот потиснувачки оган од митралезите и снајперите од високите катови на зградите, им овозможило на противоклопните тимови наречени „убијци на тенкови", ефикасно

дејство врз оклопната техника на руската војска. Соодносот на силите е 15.000 руски војници наспроти 1.000 чеченски борци во првиот бран на нападот, додека билансот на загуби кај руската војска изнесува: 1.834 убиени војници, 4.670 ранети, 96 заробени (официјална бројка), 62 уништени тенкови и 163 други уништени оклопни возила наспроти чеченските загуби кои не се познати, додека бројката на настраданото цивилно население се движи до 25.000 цивили.
Втората битка за Грозни е за време на Втората чеченска војна во периодот од 25 декември 1999 до 6 февруари 2000година, како дел од операцијата на руската армија, позната како „Лов на волци". Соодносот на силите изнесува 20.000 руски војници во здружени тактички единици наспроти 2000 чеченски борци, организирани во борбени групи по 15 борци. Теренот бил претходно подготвен за еластична одбрана во концентрични кругови со максимална искористеност на расположивиот терен, вклучувајќи утврдувања, противтенковски пре-преки, противоклопни мини и мини на изненадување и користење на кана-лизациона мрежа за брзи и прикриени маневри. Тактиката на руската армија е добро позната – силна артилериско-ракетна подготовка на терен („БМ-21 Град", „БМ-27 Ураган", „БМ-30 Смерч", балистички ракети „СКУД", „ОТР-21 Точка" , касетни бомби и „ТОС-1", повеќекратен ракетен фрлач со боеви глави од термобарично оружје), брзи маневри на оклопно-механизирана пешадија и употреба на специјални единици ОМОН. Високиот интензитет на борбите резултирал со целосно разорнување на градот, кој од страна на Обединетите нации во 2003 година е прогласен за најуништен град на земјата, со биланс на жртви од 400 убиени руски војници и 1469 ранети, наспроти 2000 убиени чеченски борци и 5000 до 8000 цивилни жртви.

**Битката за Вуковар.** Вуковар е првиот мултиетнички град во источна Хрватска кој беше зафатен со виорот на братоубиствената војна помеѓу Србија и Хрватска, поранешни републики во бившата заедничка држава СФРЈугославија.Битката за Вуковар, всушност претставува 87-дневна, опсадна битка која се состои од уништување на непријателска сила преку опкружување и изолирање. Вооружениот судир настанал како резултат на борбата за независност на Хрватска од тогашната СФРЈ, каде што доаѓа до интервенција на ЈНА (Југословенската народна армија) против борците за независност на Хрватска кои веќе биле распоредени и дејствувале во реонот на Вуковар против институционалните органи на дотогашната заедничка држава. Соодносот на силите изнесува 36 000 војници на ЈНА, зајакнати со српски паравоени единици, вооружени со тешко вооружување (артилерија, оклопни транспортери, тенкови и авијација и воени речни бродови на Дунав) против 1800 лесно вооружени хрватски бранители на Вуковар, припадници на ЗНГ (Збор народне гарде) и останати доброволци.
Битката за Вуковар започнала на 25 август 1991 г. и траела до 18 ноември 1991 година. Ова е најжестоката битка во војувањето после Втората светска војна во која дневно се истрелувани 12.000 гранати од најразлични орудија, што резултирало со целосно уништување на градот. Напаѓачките единици биле организирани во две оперативни групи, „Север" и „Југ", користеле тактика на изведување на фронтални масовни напади од страна на комбинирани единици од опкружување против добро организиран интегриран систем на еластична одбрана во концентрични кругови, поделени во реони на одбрана, меѓусебно поврзани со мрежа од сообраќајници, канали, подруми итн. Хрватските борци, организирани во мали напаѓачки групи по 10 војници, вооружени со средства за противоклопна борба, поддржани со оган од снајперски и митралески позиции, користеле тактика позната како „удри и бегај", што било вистински кошмар за нефлексибилниот масовен воен апарат на ЈНА составен од редовен војнички состав, којшто не бил оспособен за таков тип на асиметрично војување. Тактиката на хрватските бранители се состоела од пресретнување на конвои од воени возила на ЈНА низ потесните градски улици на градот, каде што е значително намалена маневарската способност на возилата, при што со уништување на првото и последното возило од конвојот доаѓа до целосно фиксирање на единиците на ЈНА во зоната на убивање како рентабилна цел. Епилогот на битката на Вуковар резултира со големи загуби, масовно иселување на населението и целосно разорнување на градот. Се проценува дека загубите кај ЈНА изнесуваат околу 1103 војници, 110 оклопни возила и тенкови и 2 авиони, наспроти 879 загинати хрватски борци, околу 1131 загинати цивили и 550 исчезнати. Крвавата битка за Вуковар е прикажана во повеќе документарни и играни филмови, меѓу кои како најгледани се „Вуковар, последниот рез" (Vukovar -Final Cut) од 2006 година, „Дезертер" (1992 год.), „Вуковар, една приказна" (1994 год.) и „Сеќавање на Вуковар" (2008 год.). ■



# Промовирани новите 29 „JLTV



# “ оклопни возила на Армијата






# Дигитална форензика: Како битовите стануваат докази во судниците

Во ерата на дигиталната трансформација, речиси секоја наша активност – од испраќање порака до онлајн купување – остава трага. Тие дигитални траги често можат да бидат подеднакво важни како и физичките докази, а во некои случаи и да повредат, бидејќи содржат информации кои не е возможно да се запаметат или да се измислат. Токму тука настапува **дигиталната форензика** – научно-техничка дисциплина која овозможува да се соберат, анализираат и презентираат дигиталните податоци како валидни докази во судските процеси.

## Од првите компјутерски истраги до современи лаборатории

Дигиталната форензика започнала да се развива во 1980-тите години, кога компјутерите првпат се појавија како алатки за криминални активности. Тогашните истражители работеа со дискови од неколку мегабајти, но и со примитивни алатки. Денес технологијата напредна до таа мера што форензичарите анализираат **терабајти информации** од десетици уреди, поврзани преку сложени мрежи и „claud“ системи.

Современите лаборатории за дигитална форензика се високо безбедни простори, опремени со специјализирани софтвери, хардверски пишувачи, вакуум-комори за исклучително чувствителни уреди и системи за контрола на пристапот, бидејќи секој допир со доказот мора да биде строго документиран.

## Основни чекори на дигиталната форензика

Процесот на дигитална форензика е строго структуриран и мора да ги почитува меѓународните стандарди за да може доказот да биде прифатен во судница. Главните фази се:

**1. Идентификација на потенцијалните докази**

Истражителите утврдуваат кои уреди и локации можат да содржат релевантни податоци – тоа може да бидат лаптопи, мобилни телефони, надзорни камери, сервери или дури и „паметни“ кујнски апарати.

**2. Обезбедување на доказот**

Уредите се запечатуваат, се означуваат и се транспортираат до лабораторијата без да се вклучуваат, за да се спречи промена на податоците. Во оваа фаза се користат антистатички кеси, заштитни кутии и уреди за блокирање на безжичен сигнал.

**3. Клонирање на податоците**

Се прави точна бит-по-бит копија на медиумот со специјализиран хардвер. Оригиналот се чува во стро-

Пишува: Ј. П.




го контролиран простор, а анализата се врши на копијата. Ова е клучно за да се зачува интегритетот на доказот.

4. **Анализа**

Форензичарите пребаруваат избришани датотеки, проверуваат дневници на системот (logs), следат историја на пребарување и реконструираат комуникации. Понекогаш се користат методи за декрипција на заштитени датотеки или за откривање на скриени партиции на дискот.

5. **Документација**

Секој чекор се бележи со точен датум, време и опис на активноста. Овие белешки, заедно со снимките на екранот, извештаи од софтверите и официјални заклучоци, стануваат дел од судскиот материјал.

6. **Презентирање на доказите во судница**

Форензичарот често сведочи како експерт, објаснувајќи ја постапката и резултатите на начин што е разбирлив и за судиите и за поротата.

### Реални практични примери

Во еден случај од 2019 година, истрагата за серија кражби на финансиски податоци доведе до заплена на USB-уред кој првично изгледал празен. Со методи на дигитална форензика биле пронајдени криптирани датотеки со детали за илјадници украдени кредитни картички. Токму овие податоци биле пресудни за осудителната пресуда.

Во друг случај, мобилен телефон на осомничен за киднапирање содржел избришени пораки со координати. Со враќање на податоците, истрагата успеала да ја открие точната локација каде што била држена жртвата.

### Предизвици и иднина на дигиталната форензика

Технологијата се развива побрзо од законот. Енкрипцијата, анонимизацијата и новите формати на податоци претставуваат предизвици за форензичарите. Со појавата на **интернет на нештата (IoT),** сè повеќе уреди собираат и чуваат податоци – од паметни часовници до автомобили кои го бележат секое сопирање и забрзување.

Во иднина дигиталната форензика ќе се потпира уште повеќе на **вештачката интелигенција** за автоматска анализа на огромни количини податоци, како и на напредни техники за декрипција. Но, еден принцип ќе остане непроменет: секој доказ мора да биде третиран со апсолутен интегритет.

### Заклучок

Дигиталната форензика е мостот меѓу светот на невидливите битови и реалноста на судската постапка. Таа ги претвора податоците во глас што зборува јасно и недвосмислено, откривајќи што навистина се случило. Во време кога технологијата е дел од секојдневниот живот, дигиталната форензика не е само потреба, туку и клучен столб на правдата. ■



# POWIFI: СЕНЗОРСКА ЕФИКАСНОСТ ПРЕКУ БЕЗЖИЧНО НАПОЈУВАЊЕ



Пишува: м-р Реџеп Мустафовски

Во современото дигитално доба, безбедноста, надзорот и енергетската ефикасност се три клучни столба на технолошкиот напредок. Постојаната потреба од сензорски мрежи, мониторинг на тешко достапни локации и автономното функционирање на уреди бараат нови решенија што ќе ја намалат зависноста од класични извори на енергија и ќе го поедностават распоредувањето на системите. Во таа насока, технологијата PoWiFi (Power over Wi-Fi) претставува иновативен чекор напред, овозможувајќи напојување на сензори преку постоечка Wi-Fi инфраструктура.

Развиена од истражувачи на Универзитетот во Вашингтон, PoWiFi користи радиофреквентна енергија емитувана од Wi-Fi рутери за напојување на нискоенергетски уреди – сензори што можат да функционираат без батерии, без физички кабли и без потреба од одржување. Оваа технологија овозможува нова форма на пасивен мониторинг, која не само што е еколошка, туку и исклучително практична за долготрајна примена во средини каде што традиционалната електрична инфраструктура е непостоечка или несоодветна.

Примената на PoWiFi е особено релевантна во безбедносни сценарија, како на пример следење на објекти, складишта, затворени простории или надворешни локации каде што не е можно поставување на класични системи. Дополнително, оваа технологија нуди решенија за еколошко следење, како на пример детекција на влага, температура или движење на животни, при што сензорите можат да останат активни со години, без потреба од замена на батерии.

Она што ја прави PoWiFi особено интересна е тоа што работи со стандардна Wi-Fi технологија, што значи дека може да се користи со постоечки рутери и комуникациски уреди, без потреба од нова инфраструктура. Тоа го намалува трошокот на имплементација и овозможува масовна употреба во урбани и рурални области.

Во овој напис ќе бидат анализирани принципите на функционирање на PoWiFi, техничките карактеристики, предностите и ограничувањата на системот, како и потенцијалните апликации во различни сектори. Ќе се даде и визуелна претстава преку слики и графикони за енергетска ефикасност во различни услови.

а) Камера без батерија. б) Сензор за температура. в) Полнач за литиумјонск батерија г) Полнач за никел-батерија, метал хидридна батерија (NiMH).




*Слика бр. 1 Прототип хардвер за сензори, напојувани преку Wi-Fi (PoWiFi) (Kellogg, B., Talla, V. & Gollakota, S. (2015). Powering the Next Billion Devices with Wi-Fi. Available at: https://modernmobile.cs.washington.edu/docs/powifi.pdf [Accessed 10 Apr. 2025])*

Сликата прикажува неколку практични уреди развиени како дел од PoWiFi проектот, кои функционираат исклучиво со енергија добиена од Wi-Fi сигнали.

На сликата се гледаат мали сензорски модули поврзани со антени кои ја апсорбираат енергијата што ја емитува обичен Wi-Fi рутер. Овие уреди се дизајнирани да собираат податоци (на пример, температура, влага, движење) и да ги испраќаат назад преку Wi-Fi, без да имаат вградени батерии или потреба од надворешно напојување.

Овој концепт ја потврдува применливоста на PoWiFi во реални услови, овозможува автономно функционирање на сензори во затворени простории или на оддалечени локации со минимална инфраструктура и одржување.

Графикот прикажува како се менува способноста на PoWiFi системот да напојува уреди во однос на растојанието од Wi-Fi рутерот. На графикот се забележува дека на мали растојанија (до 2 метра), сензорите добиваат доволно енергија за постојано функционирање. Како што растојанието се зголемува, така количината на апсорбирана енергија опаѓа, а со тоа се намалува и фреквенцијата на мерење или преносот на податоци.

Овој тренд укажува дека PoWiFi е најефикасен на блиски и средни растојанија (до 5 метри), каде што може сигурно да напојува сензори без потреба од батерии, што го прави идеален за затворени простории и мрежи со густа покриеност.

## Предности и ограничувања на системот

### Предности

PoWiFi овозможува напојување на сензори преку Wi-Fi сигнали, елиминирајќи ја потребата од батерии или кабли. Тоа го прави системот евтин, еколошки и лесен за инсталација. Користејќи ја постоечката Wi-Fi инфраструктура, овозможува автономна работа на сензори во затворени простории, магацини или згради. Уредите се компактни, преносливи и не бараат честа интервенција, што ги прави практични за долгорочен мониторинг.

### Ограничувања

Технологијата има ограничен опсег – ефикасно функционира до 4-5 метри од рутерот. Податоците што може да ги обработи се ограничени, што е погодно само за едноставни сензорски задачи. Ефикасноста може да се намали кога има пречки, како на пример ѕидови или метални објекти. Дополнително, континуираната работа зависи од стабилен Wi-Fi сигнал, а без соодветна енкрипција постои ризик да нема безбедносна употреба.

PoWiFi претставува иновативна технологија што отвора нови можности за автономен мониторинг и сензорски системи, без потреба од традиционални извори на енергија. Со користење на радиофреквентната енергија од Wi-Fi сигналите се овозможува напојување на уреди што можат да функционираат самостојно, без батерии или жичени конекции. Оваа особина го прави PoWiFi идеален за долгорочна примена во затворени простории, паметни објекти, магацини, системи за домашна автоматизација, па дури и во безбедносни и еколошки апликации.

Главната предност на технологијата е нејзината едноставност, ниска цена и можноста за користење на постоечка Wi-Fi инфраструктура, без дополнителни трошоци. Од друга страна, нејзината ефикасност е ограничена на мали растојанија и едноставни задачи со ниска енергетска побарувачка, што ја прави несоодветна за апликации кои бараат континуирано следење на комплексни процеси. Сепак, како дел од хибридните системи или во рамки на специјализирани мрежи, PoWiFi може значително да ја подобри енергетската одржливост и достапноста на интелигентните уреди. Со понатамошен развој и оптимизација, ваквите решенија имаат потенцијал да станат составен дел од идните безжични и еколошки сензорски системи. ■



*Слика бр. 2 Енергетска ефикасност во зависност од* растојанието



# ДАЛИ ДРОНОВИТЕ МОЖАТ ДА ЈА ЗАМЕНАТ КОНВЕНЦИОНАЛНАТА АРТИЛЕРИЈА (ПРВ ДЕЛ)



Пишува: потполковник Славчо Кузманоски

Немилосрдните снимки што секојдневно ги гледаме, кои се дел од Руско-украинската војна каде доминираат снимки од беспилотни летала што гаѓаат тенкови и останати борбени средства, ги попречуваат движењата на трупите и обезбедуваат извидувачки податоци, поттикнуваат размислувања и гледишта дека беспилотните системи се подготвени да ја заменат конвенционалната артилерија. Сепак, овие размислувања и гледишта претставуваат погрешно толкување на реалноста на современото војување.

Иако беспилотните летала несомнено нудат вредни и еволуирачки способности, тие треба да се третираат како дополнителна огнена моќ, а не како замена за одржливата, масивна и разновидна огнена моќ во конфликтите со висок интензитет. Сегашното, донекаде некритичко прифаќање на технологијата на беспилотни летала во рамките на армиите, водено од желбата за иновации и перцепираната исплатливост, ризикува да го одвлече вниманието и ресурсите од виталната модернизација на артилеријата, критична потреба за справување со потенцијални конфликти со противници кои имаат иста или слична воена моќ.

Сепак, пренагласувањето на овие способности честопати промовирани како револуционерни, би можело да биде на сметка на одржувањето и напредокот на артилеријата која останува камен-темелник на огнената моќ во секој конфликт или воен судир. Внимателното следење на конфликтот во Украина, анализирајќи ги фундаменталните принципи на војувањето, открива непобитна вистина: беспилотните летала можат да ја подобрат огнената поддршка, огнената моќ и огнените можности, да ја подобрат свесноста за моменталната ситуација и да обезбедат тактички предности, но тие не се и во догледна иднина нема да бидат

замена за дострелот, деструктивната моќ и оперативноста во сите временски услови на конвенционалната артилерија. Фокусот треба да биде на интегрирање на беспилотните летала во системот за огнена поддршка, а не на обид артилериските орудија и системи да се заменат со беспилотни летала.

И украинските и руските сили покажаа извонредна приспособливост, брзо распоредувајќи голем број беспилотни летала, и со краток и со долг радиус на делување, комерцијални и воени, за да се справат со ограничените ресурси. Сепак, ова не е стратешка промена заснована на супериорна способност или предвесник на нова ера на војување, туку прагматичен одговор на околностите. Како што посочуваат многу извештаи од аналитичари на разузнавањето од отворени извори и други воени аналитичари, сè почестата употреба на беспилотните летала е за да се компензираат критичните недостатоци на артилериски гранати, особено на украинската страна, пополнувајќи ја празнината. Иако беспилотните летала се покажаа ефикасни против оклопни возила и во блиска борба, во најдобар случај тие испорачуваат прецизност на тактичко ниво, која е неспоредлива со ефектите на артилериските орудија и системи со голем калибар и дострел кои имаат далеку посеопфатно влијание. Тие се тактичка алатка, а не огнени средства за постигнување на оперативни или стратешки цели. Понатаму, потпирањето на беспилотни летала создаде нови слабости, бидејќи обете страни развија сè пософистицирани капацитети за електронско војување за да им се спротивстават.

Беспилотните летала се истакнуваат во специфични улоги, а нивното значење е неоспорно. Тие обезбедуваат непроценливи можности за разузнавање, надзор и извидување во реално време, значително подобрувајќи ја ситуациската свест за командантите и војниците на терен. Тие можат да погодат изолирани цели со прецизност, намалувајќи ја колатералната штета и минимизирајќи го ризикот за пријателските сили. Тие се ефикасни во вознемирувањето на непријателските единици, попречување на логистиката и водењето психолошка војна. Беспилотните летала се ограничени од голем број фактори. Беспилотните летала честопати се попречени од неповолни временски услови. Дождот ги нарушува перформансите на сензорите и може да предизвика електрични дефекти, додека силните ветрови можат да го дестабилизираат леталото, влијаејќи на неговата способност да одржува лет или прецизно да испорачува товар. Овие ограничувања драстично ја намалуваат ефикасноста на беспилотните летала.

Корисниот товар на беспилотните летала, исто така го ограничува нивниот деструктивен потенцијал, ограничувајќи ја нивната способност да нанесат значителна штета на утврдени цели или ефикасно да го потиснат непријателскиот оган. Нивната зависност од радиофреквенциските врски ги прави ранливи на блокирање, лажирање, сајбер-напади и други форми на електронско војување, што не е случај кај артилеријата, особено кога е комбинирана со соодветни мерки за безбедност на комуникациите.

Покрај тоа, логистичките барања на операциите со беспилотни летала – полнење на батерии, резервни делови, специјализирана обука на оператори и постојаната потреба од мерки за борба против електронското војување, создаваат нови предизвици за одржување кои би биле претерано сложени и скапи во продолжен конфликт со висок интензитет.

Артилеријата, пак, испорачува огнови во сите временски услови, на поголеми далечини и со значително поголем експлозивен ефект. Дури и најнапредните беспилотни летала не можат да го заменат неутрализирањето и уништувањето на непријателски цели на големи површини што батерија хаубици 155 мм може да го постигне за само неколку минути. Ниту пак дроновите можат да се споредат со психолошкото влијание на континуираната артилериска поддршка. Идејата дека малите беспилотни летала би можеле едноставно да ги заменат орудијата и ракетните системи, исто така, се чини дека е многу тешко остварлива. Понатаму, ранливоста на беспилотните летала на електронско војување и физичко уништување создава значителен ризик од губење на критични средства за дејство и набљудување и нарушување на операциите за огнена поддршка. ■





# Оклопно тактичко возило „Зетор Герлах“

*„Зетор Герлах“ е оклопно тактичко возило (ATV) од новата генерација, развиено од компанијата „„Zetor Engineering“ од Словачка.*



Пишува: Идриз Идризоски

„Zetor Gerlach“ е оклопно тактичко возило (ATV) од нова генерација, развиено од страна на компанијата „Zetor Engineering“ од Словачка.

Компанијата „Zetor Engineering“ ја претстави борбената верзија на „Герлах“ 4×4 на Меѓународниот саем за одбранбени и безбедносни технологии (IDET) 2019 во Брно, Чешка, во мај 2019 година.

Компанијата се согласи со „Rheinmetall Protection Systems“ да го опреми својот оклопен теренец „Gerlach“ со напредни балистички системи за заштита од мини, испорачани од „Rheinmetall“ во септември 2019 година.

**Дизајнот на „Zetor Gerlach“**

Оклопното тактичко возило „Zetor Gerlach“ 4×4 е базирано на шасија позната како „Rolling Chassis Zetor“. Користи повеќеслојни компоненти кои ја зголемуваат заштитата на патниците и возилото. Оклопната капсула со надпритисок е директно монтирана на шасијата, додека распоредот на рамката на порталот може да издржи високи динамички ефекти.

ATV „Zetor Gerlach“ е долг 5,65 метри, широк 2,5 метри и висок 2,5 метри. Има конвенционален распоред, погонскиот пакет е сместен напред, кабината за екипажот е во центарот и товарниот дел е во задниот дел. Предната кабина за екипажот е заштитена од дводелно ветробранско стакло (шофершајбна). Од двете страни на возилото се поставени две врати за влез и излез на патниците.

Неговата кабина нуди максимален внатрешен простор од 7,7 м$^3$ во кој може да се сместат до шест лица, вклучувајќи екипаж и војници. Внатрешноста е составена од материјали за сузбивање на бучавата и антивибрации. Возилото има и голем товарен простор во кој може да се смести борбена опрема, вооружување или опрема со тежина до 1,5 тони.

Модуларното возило може да се реконфигурира во три верзии за да ги задоволи различните барања на мисијата. Основната верзија, со стандардна тежина од 12 тони, може да смести четири патници, додека преостанатите две верзии можат да превезуваат пет и шест лица.

„Zetor Gerlach“ е опремен со систем за климатизација и со систем за хемиска, биолошка и нуклеарна (CBN) заштита. Возилото, исто така, интегрира системи за податочна и гласовна комуникација.

**Вооружување и самозаштита**

Борбената верзија на „Zetor Gerlach“ е опремена со далечински управувана вооружена станица (RCWS) на која е поставен митралез. На покривот може да се инсталираат и различни типови куполи за митралез управувани од екипаж или со далечинско управување, лансери за противтенковски водени ракети (ATGM), минофрлачи или лансери за гранати.

Возилото нуди балистичка заштита од ниво 3 според НАТО СТАНАГ 4569 и противминска заштита од ниво 3a и 3б според НАТО СТАНАГ 4569.

„Оклопното возило 4×4 е базирано на шасија позната како „Rolling Chassis Zetor“. Користи повеќеслојни компоненти кои ја зголемуваат заштитата на патниците и возилото.

Трупот со двојно дно со противмински заштита во форма на буквата „V“ обезбедува супериорна заштита од мини и импровизирани експлозивни направи (IED). Оклопното тактичко возило може да преживее противтенковски експлозии до 8 кг ТНТ под оската и кабината.

Возилото се нуди на пазарот со различни нивоа на балистичка и противминска заштита, во зависност од барањата на клиентот.

**Детали за моторот на ATV „ Zetor Gerlach“**

Возилото е опремено со шестцилиндричен мотор MTU со номинална излезна моќност од 240 kW и максимален вртежен момент од 1.300 Nm, додека моторот е поврзан со шестстепен автоматски менувач за обезбедување максимална моќност при различни брзини.

Возилото „Gerlach“ 4×4 има однос моќност-тежина од 17,1 kW/t. Системот на независно амортизирани пружини на оските е управуван од пар погонски вратила преку надолен менувач испорачан од компанијата „GHM Transmission“.

**Мобилност**

Возилото „Zetor Gerlach“ може да достигне максимална брзина на пат од 110 км/ч и максимален опсег на автономија од 800 км.

Може да совладува вертикална препрека од 0,5 метри и ровови со



максимална ширина од 1 метар. Може да се справи со теренски наклони до 70% и странични наклони до 40% во услови кога носи целосен товар. Може да помине максимална длабочина од 1,2 метри без претходна подготовка.

Оклопното тактичко возило е опремено и со централен систем за надувување гуми (CTIS) за да се овозможи висока мобилност на различни терени.

Останатите спецификации на оклопното тактичко возило „ Zetor Gerlach “ се:

- тип на возило: оклопно тактичко возило;
- производител: „Zetor Engineering“, Словачка;
- должина: 5.65 метри;
- широчина: 2.5 метри;
- висина: 2.5 метри;
- тежина: 12.5 тон;
- мотор: шестцилиндричен мотор MTU (240 kW);
- капацитет на седишта: 6;
- вооружување: далечински управувана вооружена станица со митралез;
- автономија на опсег: 800 km;
- максимална брзина на пат: 110 km/h;
- совладување на наклон: 70%;
- совладување на страничен наклон: 40%;
- совладување на вертикални пречки: 0,5 метри;
- совладување на ров: 1 метар;
- совладување на водени препреки: 1,2 м без подготовки.

Оклопното тактичко возило со овие тактички карактеристики се вбројува во едно од подобрите возила во оваа класа во однос на параметрите мобилност и заштита, и истото е возило од идната генерација на 21 век.

Оператори на овој тип возила се армијата на Словачка и Чешката Република. ■



# Турско оклопно возило на тркала „PARS Alpha“ 8x8

Оклопното возило „PARS Alpha“ 8x8 е проектирано како MRAP возило со универзална (модуларна) шасија која поседува голема проодност на различен терен, а воедно е приспособена на неа да се вградуваат различни најсовремени електрооптички системи кои овозможуваат голема свесност за состојбата на боиштето и најсовремени борбени куполи со ефикасно дејство врз различни цели во сите временски услови, преку ден и преку ноќ.



Возилото поседува комбиниран оклоп според стандардот STANAG 4569, кој овозможува заштита од лесни пешадиски оружја и тешки митралези, шрапнели од артилериски гранати, нагазни мини и импровизирани експлозивни направи.

Екипажот на возилото е составен од командир, нишанџија, возач и десантно одделение од 9 војници. Во предниот дел од возилото е вграден погонот, позади погонот е управувачкиот оддел во кој од левата страна е позицијата на возачот, а од десната командирот на возилото. Позади нив лево е позицијата на нишанџијата, а во задниот дел е транспортниот простор за сместување на 9-членото десантно борбено одделение (десно седат 5, а лево 4 војници). На задниот дел од возилото е вградена десантна рампа за влез/излез во која е вградена помала помошна врата, а на кровот од транспортниот оддел има еден мал отвор. Со цел зголемување на свесноста за состојбата на боиштето, за потребите на екипажот и десантното одделение на возилото се вградени електрооптички уреди и перископи кои овозможуваат видливост од 360°, преку ден и преку ноќ. За возачот и командирот се вградени визири кои овозможуваат видливост од 180°, вградена е предна маневрирачка камера која овозможува видливост од 121°, вградена е предна термална камера со видливост од 44°, на задната врата е вграден визир со видливост од 47°, потоа вградена е задна дневна камера со видливост од 118°, на 3 позиции вградени се широкоаголни термални камери со видливост од 127° и на БВП верзијата на борбената купола е поставена далечински управувана борбена станица со камера која ротира 360°. Освен претходно наведените, од сериски вградена опрема возилото поседува: лансери на димни гранати, клима уред и систем за греење, АБХО заштитен систем, автоматски систем за детектирање и гасење на пожар, електрични системи според стандардите MIL STD 1275 и MIL STD 464, комуникациска опрема за интерна комуникација и UHF/ VH/ VHF брановa должина, навигациски системи INS/ GPS, систем за автоматско регулирање на притисокот во гумите, чекрк со сајла за извлекување, монитор за возачот и друго. Од дополнителна опрема во возилото може да се вгради: систем за менаџирање со бојното поле, помошен генератор за струја, систем за детектирање на истрел по правец, активен систем за заштита, систем за детектирање од ласерска озраченост и друго.

Благодарение на современо проектираниот начин на управување, постои можност сите тркала да се управуваат, односно доколку предните 4 тркала се свртат на лево, задните 4 тркала ќе се изротираат на десно (и обратно), што придонесува возилото да поседува радиус на вртење од 7.8



Пишува: Ивица Дамески

## Пресек-слика на „PARS Alpha“ 8x8

1. Задни камери
2. Отвор на кровот
3. Лансер на димни гранати
4. Транспортен простор
5. Позиција за поставување на борбена купола
6. Странични камери
7. Два отвори на кровот (за возачот и командирот на возилото)
8. Набљудувачки визири (вкупно 4, од кои два се поставени напред, а два бочно)
9. Термална камера
10. Отвор за издувните гасови од моторот
11. Предна камера
12. Позиција на погонот
13. Хидропневматска суспензија
14. Пневматик со вметнувања „run flat“

m. По потреба, втората оска со тркала може да се подигне од тлото, а возилото може да се движи и со една уништена гума. Тркалата поседуваат хидропневматска суспензија и двојни попречни носачи и притоа е овозможено каросеријата да се спушта и да се подигнува (за 34 cm), според условите на теренот до максимален клиренс од 60 cm.

На БВП верзијата може да се вгради борбената купола TEBER-II 30/40 (верзија со двочлен екипаж или далечински управувана), со вграден стабилизиран автоматски топ од 30 mm или 40 mm, плус коаксијално поставен митралез MAG со калибар од 7,62 mm. Топовите поседуваат елевација од -10°/+45° и ефикасен дострел од 2,5 km. На страните од куполата е поставен по еден лансер за наведувани противоклопни ракети со дострел од 4 km. На кровот од куполата е поставена далечински управувана борбена станица со митралез од 7,62 mm или 5,56 mm, кој поседува елевација од -50°/+85°.

Врз основа на универзалната шасија развиени се 9 верзии од возилото: командно/ контролно возило за борбена поддршка, борбено инженериско возило, ПВО возило опремно со противавионски ракети, ПВО возило опремено со 2 топа од 35 mm, самоодно артилериско возило опремно со купола со два минофрлачи од 120 mm, самооден топовски систем опремен со борбена купола во која може да се вградат топови со калибар од 90 mm, 105 mm или 120 mm, борбено возило на пешадијата опремено со двочлена борбена купола со вграден автоматски топ од 30 mm или 40 mm и два лансери за противоклопни ракети, борбено возило на пешадијата опремено со беспосадна борбена купола со вграден автоматски топ од 30 mm или 40 mm и два лансери за противоклопни ракети и борбено возило на пешадијата опремено со беспосадна борбена купола со вграден автоматски топ од 35 mm.

Моментално корисник на возилото е само турската армија. ■




**15.** Борбен командно-управувачки пулт на командирот
**16.** Управувачки оддел (од левата страна е возачот, а од десната командирот на возилото)
**17.** Противпожарен систем
**18.** Борбен командно- управувачки пулт на нишанџијата
**19.** Простор за сместување дополнителна муниција или опрема за мисијата
**20.** Нишанџија
**21.** Седишта на склопување кои овозможуваат заштита од минска експлозија
**22.** Противпожарен систем
**23.** Десантна рампа со внатрешно вградена мала врата која поседува визир за набљудување
**24.** Држач за канистер за гориво

| Тактичко-технички каратеристики на „PARS Alpha“ 8x8 | |
|---|---|
| **Екипаж** | 3+9 војници |
| **Должина на трупот** | 7.8 m |
| **Максимална височина** | 2.4 m |
| **Широчина** | 3.1 m |
| **Клиренс** | 0.6 m (максимум) |
| **Тежина (во зависност од степенот на заштита и опрема)** | од 34 тони до 39 тони |
| **Погон** | Дизел-мотор со моќност од 711 кс, со автоматска трансмисија со 6 брзини за движење напред и една за назад |
| **Максимална брзина** | 115 km/h |
| **Преден наклон** | 70% |
| **Бочен наклон** | 40% |
| **Премин преку ров** | 2.4 m |
| **Вертикална препрека** | 0.8 m |
| **Водена препрека** | 1.2 m |
| **Автономија на движење** | 800 km |




# КОРЕЈСКАТА ВОЈНА 1950 – 1953 ГОДИНА



Пишува: мајор Зоран Василески

**Почетокот на војната и акцијата на ОН**

Во зори на 25 јуни 1950 година, севернокорејските оклопни и пешадиски единици ја преминале 38. паралела, која била граница помеѓу Северна и Јужна Кореја кај Хеџуа, Кесонг и Чунчон, а истовремено се изведени и поморски десанти со околу 100.000 луѓе кај Кангнинг и Самчок. Овие првични акции на фронтот биле проследени со заемни обвинувања на владите на Северна и Јужна Кореја за агресија. На денот на избувнувањето на судирот се одржала и вонредна седница на Советот за безбедност на ОН, при што била усвоена Резолуција со која Северна Кореја се прогласува за агресор и се повикува да ги повлече веднаш своите трупи од 38. паралела. Северна Кореја одбила да ги повлечи трупите од 38. паралела, и поради тоа Советот за безбедност повторно се состанал на 27 јуни 1950 година, кога и се усвоила Резолуцијата со која на сите членки на Обединетите нации (ОН) им се препорачува да и укажат помош на Јужна Кореја.

*Корејската војна е вооружен конфликт помеѓу Демократска Народна Република Кореја (Северна Кореја), поддржана од Кина и СССР и Република Кореја (Јужна Кореја), која била поддржана од Здружената команда и единици од САД и контингенти на В.Британија,Австралија, Холандија, Франција, Италија, Норвешка и други земји.*

**Офанзива на севернокорејската армија**

На почетокот од избувнување на судирот, завојуваните страни располагале приближно со еднакви сили од 100.000 до 120.000 војници, при што Северна Кореја имала предност во поглед на обученоста на единиците и вооружувањето, особено со тешко вооружување (артилерија и тенкови). Силите на Јужна Кореја биле организирани во 8 дивизии, а на Северна Кореја во 7 дивизии со 5 до 6 бригади, од кои 3 до 5 оклопни со кои се оформил првиот стратегиски ешалон на Севернокорејската армија. Во подоцнежните фази на војната (пред кинеската интервенција), Севернокорејците

вовеле уште 9 дивизии, додека на спротивната страна зајакнувањата стигнувале најчесто однадвор.

Подобрата подготвеност и ефектите на изненадување, им овозможиле на Севернокорејците брзо да го скршат отпорот на противникот во граничниот појас. Тие, со удар во повеќе правци ги разбиле повеќето од јужнокорејските единици. Четвртиот ден од судирот, на 28 јуни 1950 година, бил заземен Сеул, седиштето на јужнокорејската Влада, а Јужна Кореја ја зафатила паника додека нивните вооружени сили се распаѓале. Маса на граѓани и војници бегале на југ, при што немало посериозен и организиран отпор. Во такви околности, на корејското боиште стапуваат вооружените сили на САД. Поради тоа, претседателот на САД, Хари Труман, на 27 јуни 1950 година им издал наредба на вооружените сили на САД на Далечниот Исток за поддршка и заштита на трупите на јужнокорејската Влада. Американското воено воздухопловство од базите во Јапонија, со околу 500 борбени авиони ги нападнале севернокорејските аеродроми и ги уништиле најголемиот број на авиони, а исто така била бомбардирана и престолнината Пјонгјанг и рафинериите на нафта. Истовремено единиците на воената морнарица на САД направиле блокада на корејскиот брег. Американскиот претседател Труман на 8 јули 1950 година го овластил генералот Мекартур за командант на Здружената команда и издал наредба да ангажира одредени сили од американската КоВ. Од американската дивизија стационирана во Јапонија, издвоена е борбена група со јачина од половина баталјон – Task Force Smith, која на 1 и 2 јули 1950 година со авиони е префрлена во Пусан и итно упатена на фронт каде во близина на Осан на 5 јули 1950 година го имала првиот борбен напад со севернокорејските сили. Наредните денови на боиштето пристигнале и останатите делови од дивизијата, кои од Јапонија биле префрлени преку море.

**Лоши процени на надворешниот фактор за војната**

Целокупната Корејска војна била серија на погрешно предвидени потези. Вашингтон, Пекинг и Москва како „надворешни фактори" со целосна внатрешна контрола над војната се обидувале да разберат што ќе направат нивните противници и во која состојба се во одреден момент. И речиси секој пат грешеле. Позицијата на Вашингтон дополнително била отеж-




ната поради фактот што повеќепати ги ревидирале своите цели.

Кога во април 1951 година ги отфрлиле севернокорејско-кинеските сили преку 38. паралела, не знаеле што е следниот потег зашто не ја знаеле целта. Она во што Вашингтон бил сигурен, според анализата на Кисинџер, е дека не сака ниту ограничена победа заради стравот од Москва која можела да реагира со покренување на тотална војна. Тие не биле свесни дека Москва влегла во војна кога поверувала дека инвазијата на Јужна Кореја ќе биде рутинска работа.

Повеќе високи официјални лица од Трумановата администрација тврделе со длабоко уверување дека „пат-позицијата" е единствено исправна, а Труман ќе запише дека направил сè „за да не дојде до Трета светска војна". Иако генерал Мекартур тврдел дека Кина максимално ги употребува своите сили, а Сталин немал намера да ја вклучува својата армија, Вашингтон останал при ставот дека му е потребно уште две или три години за да се подготвил за општа војна.

**Склучување на примирје и крај на војната**

Една од најголемите пречки за ставање крај на преговорите за војната бил реакционерниот јужнокорејски режим на Сингман Реј, кој го саботирал секој напор за спогодбено решение. САД, пак, преку дипломатски канали им ставиле до знаење на СССР дека се согласни да преговараат, на што советската делегација во ОН предложила да се поведат преговори за примирје на 23 јуни 1951 година. Преговорите започнале на 10 јули 1951 во Кесонг и на овие преговори се појавила и НР Кина, а од завојуваните страни присуствувале генерал Нам Ли од Северна Кореја, додека од Јужна Кореја присуствувал командантот на поморските сили на САД за Далечниот Исток, вицеадмиралот Џ. Тарнер. Непријателствата меѓу страните траеле сè до потпишување на примирјето, а ниедна од страните не покажувала подготвеност за преземање на поголеми акции на фронтот. Во текот на месец август 1951 година се воделе појаки борби, во време кога преговорите биле прекинати. Американците, во периодот од август до октомври 1951 година ја извеле воздушната операција „Strangle" во која изгубиле 146 авиони, а уништиле 155 противнички авиони. Во 1952 година, со бомбардерите „Boeing B-29 Super Fortress", подоцна и млазните ловци-бомбардери „F-84C Thunderjet", ги напаѓале хидроенергетските постројки на реката Јал.

Во меѓувреме преговорите биле отежнати и прекинувани, а на 27 јули 1953 година истите биле завршени и била потпишана спогодба (потпишале три од четири страни – не потпишале претставниците на Ј.Кореја) со која се одредиле демаркационата линија и демилитаризираната зона, мерки за прекин на огнот и воспоставување на примирје, репатријација на воените заробеници и свикување на политичка конференција за дефинитивно решавање на корејското прашање. ■



# КРЕЈТОН ВИЛИЈАМС АБРАМС
## ОЛИЦЕТВОРЕНИЕ НА УПОРНОСТ И ЛИДЕРСТВО



Пишува: потполковник Златко Блажески

Малку имиња носат толку голема тежина во аналите на светската воена историја како генералот Крејтон Вилијамс Абрамс Помладиот. Војник на војниците и водач на водачите, Абрамс претставува олицетворение на вредностите на должност, несебична служба и непоколеблива посветеност кон професијата и својата земја. Абрамс оставил неизбришлив белег во крвавите тенковски битки во Втората светска војна, сè до сложениот конфликт во Виетнам и при управувањето со американската армија како нејзин началник на Генералштабот. Како врвен професионалец, Абрамс бил водич за пример, честопати ризикувајќи го сопствениот живот на фронтот и се залагал за реформи зад сцената што го преобликуваа самото јадро на американската армија.

Крејтон Вилијамс Абрамс Помладиот е роден на 15 септември 1914 година во Спрингфилд, Масачусетс. Израснат е во скромно семејство од работничката класа. Абрамс уште од рани години покажувал особини на дисциплина и мотивација. Дипломирал на Воената академија на Соединетите Американски Држави во Вест Поинт во 1936 година, пласирајќи се на 185-то место во класа од 276 ученици. И покрај незначителниот академски успех, Абрамс развил силни лидерски вештини, чувство на должност и репутација за упорност. Неговите врсници го опишувале како тивок, фокусиран и крајно сигурен. После завршувањето на Воената академија продолжил да се истакнува на речиси секоја командна позиција што ја имал. Неговата кариера започнала во коњаницата, каде што развил длабоко разбирање на маневарското војување и тактиките на оклопните единици. Неговото најголемо прво признание дошло за време на Втората светска војна за подвизите на европското војувалиште. По дипломирањето во 1936 година, Абрамс бил назначен за втор поручник во коњаницата. Во тоа време американската армија преминувала од единици на коњи во механизирани сили. Прифаќајќи ја промената, Абрамс се специјализирал во оклопно војување, брзо совладувајќи ги принципите на маневар и огнена моќ што ќе



го дефинираат претстојниот конфликт во Европа. Кога Соединетите Американски Држави влегле во Втората светска војна, Абрамс бил мајор во 4. оклопна дивизија, а на крајот бил унапреден да командува со 37. тенковски баталјон. Под целосна команда на генералот Џорџ С. Патон, Абрамс станал познат по своето бестрашно лидерство. Патон толку многу му се восхитувал на Абрамс што еднаш изјавил: „Треба да бидам најдобриот командант на тенкови во армијата, но имам еден врсник - Абрамс. Тој е светски шампион.“

Од пробивот кај Нормандија до продорот низ Франција, од освојувањето на стратешките германски градови до поддршката на опколените сили кај Бастоњ, името на Абрамс станало синоним за дрскост и ефикасност во оклопната борбасо нагласени брзи, агресивни маневри и бил познат по својата способност да ги инспирира војниците. Неговиот баталјон честопати бил на врвот, водејќи напредувања со брзина и изненадување, попречувајќи ги непријателските линии и освојувајќи стратешки цели. После Втората светска војна Абрамс имал различни штабни и командни должности, вклучително и клучна улога за време на Корејската војна, иако не учествувал во борбите на фронтот во тој конфликт. Тој се искачил низ чиновите за време на Студената војна и презел голема командна улога за време на Виетнамската војна како командант на Командата за воена помош во Виетнам (MACV) од 1968 до 1972 година. После офанзивата Тет во 1968 година, Абрамс го наследува генералот Вилијам Вестморленд како командант на американските сили во Виетнам. Под негово водство, фокусот се префрлува од мисиите за пребарување и уништување кон стратегија за „чистење и задржување“, пацификација и проширување на воените капацитети на Јужен Виетнам, политика позната како „Виетнамизација“. Абрамс работи на градење на самодовербата и компетентноста на јужновиетнамските сили, подготвувајќи ги да преземат поголема одговорност за воените напори. И покрај огромните политички и логистички предизвици, Абрамс донесувал понијансиран и пофокусиран пристап кон операциите против бунтовниците.



Неговата команда е обележана со напори за заштита на цивилното население и поттикнување на безбедноста и стабилноста во спорните региони. Во 1972 година тој бил назначен за началник на Генералштабот на Армијата на Соединетите Американски Држави, позиција што ја имал сè до неговата смрт. Тој починал од канцер во 1974 година. За време на неговиот мандат тој ја започнал транзицијата на Армијата во сила составена исклучиво од волонтери и ги поставил темелите за она што ќе стане модерна армија на САД.

Стилот на лидерство што го преферирал генералот Абрамс се темелел на понизност, директност и лична храброст. Тој верувал во водењето од фронтот и е широко почитуван поради неговото присуство на бојното поле. Војниците го следеле не од страв, туку од лојалност и почит. Абрамс е познат и по својата посветеност на благосостојбата на војниците која ја искажувал низ борба за подобри услови, подобрена обука и поголемо почитување на регрутираниот персонал. Како началник на Генералштабот на армијата, тој бил значајна фигура во реформирањето на институционалната култура на армијата по Виетнам, фокусирајќи се на професионализмот, подготвеноста и интеграцијата на активните и резервните компоненти. Три главни аспекти кои го истакнуваат се: водење од фронтот, мисијата и луѓето секогаш да се на прво место и стратешка визија со тактичка прецизност. Овој воен лидер остави големо влијание врз идните генерации како и врз воената етика и култура. Инсистирањето на Абрамс за лидерска етика, достоинство на службата и грижа за војниците го има во прирачниците за лидерство на армијата и во курсевите за обука и менторство на офицери со децении. Тој инспирираше генерација команданти, вклучувајќи идни генерали како Норман Шварцкопф и Колин Пауел.

Генералот Абрамс е носител на голем број обележја, медали и одличја кои симболизираат не само лично достигнување, туку и почит и признание од сојузниците за несебичната служба на пошироката кауза за слобода. Во негова чест голем број институции го носат неговото име. Еден од најпрепознатливите тенкови на денешницата „M1 Abrams“ е именуван во негова чест. Тенкот „Абрамс“ ги поседува неговите идеали – брзина, заштита, огнена моќ и способност за борба во неповолни услови.

Крајтон В. Абрамс Помладиот не е само воена икона, туку и модел на принципиелно, трансформативно лидерство. Од контранападите на тактиката „блицкриг“ во Втората светска војна до етичката рекалибрација во Виетнам и институционалните реформи во Вашингтон, Абрамс имал единствена цел: да го прави она што е исправно, без разлика колку е тешко, без разлика колку е комплексно. Неговата кариера е доказ за тоа што треба да отелотворува военото лидерство на највисоко ниво – храброст во борба, понизност на власт и непоколеблива посветеност на војниците кон нацијата на која ѝ служат. ■




# МАКЕДОНСКИТЕ ИЛИНДЕНИ – ТЕМЕЛ НА СОВРЕМЕНАТА МАКЕДОНСКА ДРЖАВА



Пишува: проф. д-р Виолета Ачкоска

Во историјата на XX век три темелници го означуваат патот и борбата на Македонците за своја државност: 2 август 1903 година, 2 август 1944 година и 8 септември 1991 година. Одбележувајќи ги овие темелници на создавањето и развојот на современата македонска држава, без да го намалиме значењето на Македонското востание од 1878 година, со неговата државотворна програма ние неминовно се навраќаме на децении исполнети со борба за слобода, борба за правото на самоопределување и самоидентификација наспроти постојните обиди во минатото и денес да бидеме негирани како историска посебност.

Низ различните историски епохи на македонското опстојување, генерации македонски дејци, револуционери и борци, без оглед на идеолошките и политичките предзнаци, биле носители на идејата за слободна и независна македонска држава. Дејците на ВМРО, тргнувајќи од одредбите на Берлинскиот конгрес (1878 г.), ја поставиле политичката автономија како цел на борбата, но и како фаза во остварувањето на македонската државност. Овие македонски револуционери го организирале и го подигнале Илинденското востание во 1903 година, кое заедно со 10-те дена востаничка власт во Крушево, според долгорочните последици, претставуваат највозвишениот и најтрагичниот чин во македонската историја. Тоа била неповторлива епопеја на саможртва и поука за сите идни генерации Македонци како се сака слободата. Без сојузници однадвор, наспроти далеку посилната османлиска сила, македонските востаници и цивилното население биле изложени на невиден терор и репресија. Од друга страна, анархијата во Македонија ги отворила вратите на вооружените пропаганди на соседите, Бугарија, Грција и Србија, што било предвесник за започнување на Балканските војни (1912/1913). Со овие војни, како и со Првата светска војна (1914 -1918), била извршена поделба на македонскиот народ и на неговата етногеографска територија. Изложен на непризнавање и асимилација во рамките на балканските држави, македонскиот народ, со различни методи и средства, води жилава борба да го сочува својот македонски идентитет. Притоа, како основна цел на речиси сите револуционерни сили било



поставено повторното обединување на Македонија и формирање на македонска држава, самостојно или во рамките на поширока балканска федерација.

Во текот на Втората светска војна Македонија беше окупирана од страна на германските, италијанските и бугарските војски. На нејзината територија беа создадени две држави на оската Рим – Берлин – Токио – Голема Албанија и Голема Бугарија, заради потребите на новиот поредок на фашистичка Италија и нацистичка Германија. Со тројната окупација македонскиот народ се најде во уште потешка положба, изложен на нови поделби, економска експлоатација, денационали¬за¬ција, терор и етничко чистење. Во тие услови за македонскиот народ стана прифатлива платформата на малубројната Комунистичката партија која организирајќи го антиокупаторскиот отпор, повикуваше на борба за национална слобода и социјална правда. Притоа, во текот на НОБ мошне нагласено се негувале илинденските традиции во нивниот најосновен политички израз: формирање на македонска држава со целосна рамноправност на сите други етнички и религиозно различни лица на нејзината територија. Тоа беше пораката на Крушевскиот манифест.

Учествувајќи во големата антифашистичка борба, македонскиот народ од вардарскиот дел на Македонија се изборил за положбата на конституитивен и рамноправан субјект на југословенската федерација. На 2 август 1944 година, во манастирот „Св. Прохор Пчински", во присуство на делегати од трите делови на поделена Македонија, претставници од југословенското воено-политичко раководство, како и претставници на големите сили, учесници во антифашистичката војна ,САД и Велика Британија, се одржува Првото заседание на АСНОМ. На ова заседание беше прогласена првата современа македонска држава – Демократска Федерална Македонија. Македонската војска на 19 ноември 1944 година, самостојно ја ослободи ДФМ од туѓите окупации, а македонските единици во текот на јануари-мај 1945 година војуваа на Сремскиот фронт, до Целје и Марибор за ослободување на другите делови на Југославија.



Во рамките на авнојската федерација, македонскиот народ отвори нова страница од својата историја, создавајќи национални институции во сите општествени сфери, за првпат творејќи на својот кодифициран македонски јазик. Огромното македонско творештво, покрај неисцрпната народна традиција, само по себе претставува најголемиот темелник на македонската посебност и идентитет, бидејќи еден народ стапува на светската сцена на цивилизирани народи, токму преку својата култура.

По распадот на социјализмот со кој и социјалистичка Југославија замина во историјата, дојде до израз континуираниот процес на културен процут на македонската нација и свеста за државност,



што водеше кон целосно самостојување на тогашна Социјалистичка Република Македонија. На 7 јуни 1991 година, од името на државата се изостави назнаката „социјалистичка" и се утврди името Република Македонија. Натамошен значаен чекор во процесот на мирно раздружување на РМ од федерацијата беше спроведувањето на референдум за осамосто¬јување, одржан на 8 септември 1991 година. Од вкупно запишаните 1.495.626 гласачи, гласале 71,85%, а од нив дури 95,32% се изјасниле за самостојна и суверена држава.

Со осамостојувањето на Република Македонија, повторно на површина се појавија големодржавните аспирации на соседите, поддржани од нивните западни ментори. Опстојувањето на суверената држава при нејзиното меѓународно признавање и евроатлантските интеграции стана предмет на политиката на двојни аршини и врз нејзиниот грб се кршеа и до денешен ден се кршат одредбите на меѓународното право, меѓу кои и правото на секој народ на самоопределување, кое беше зацртано и во Атланската повелба од 1941 година.

Но, и покрај сите препреки и тешкотии низ кои поминува Република Македонија, трите илиндени стојат како светилници кои го подгреваат нашето колективно паметење и нашата национална гордост да опстанеме како Македонци. Навраќањето на вакви темелни историски вредности овозможува да воспоставиме комуникација меѓу минатото и сегашноста, мост кон иднината, откривајќи го она што не може да се искорне кај нашите предци – дека тие ја носеле во себе слободата и во услови на најтешка потчинетост.



# БИТКАТА КАЈ ХЕРОНЕЈА

Пишува: Борче Лозановски

Битката кај Херонеја е опишана како една од најрешавачките, а со тоа и најзначајни битки во античкиот свет. Оваа битка се водела на 2 август 338 година пред нашата ера (пр.н.е.), во близина на градот Херонеја во Беотија, помеѓу Кралството Македонија под водство на Филип II и сојузот на градови-држави предводени од Атина и Теба. Битката била кулминација на последните походи на Филип во 339–338 година пр.н.е. и резултирала со убедлива победа за Македонците и нивните сојузници. Филип II Македонски командувал со 32-илјадна војска, која ги уништила противничките сили, а со тоа и ја зацврстила македонската хегемонија во Грција.

Македонските војници броеле околу 30.000 пешадијци и 2.000 коњаници, бројка која е прифатена од современите историчари. Филип ја презел командата со десното крило на македонските војници и го поставил својот 18-годишен син Александар (идниот освојувач на Персиската Империја) да командува со левото крило, придружуван од група искусни генерали на неговиот татко Филип. Славните коњички придружници биле сместени позади македонската борбена линија.

Сојузничката армија вклучувала контингенти од Ахаја, Коринт, Халкида, Епидаур, Мегара и Троеза, при што поголемиот дел од војниците биле од Атина и Теба. Атинскиот контингент бил предводен од генералите Харес



и Лизикле, а Тебанците од Теагенес. Атињаните биле на левото крило, а Тебанците на десното (со важниот Свет баталјон) најдесно. Кога е во прашање бројноста, современото гледиште е дека Грците имале приближно еднаков број на војници како и Македонците, иако има сугестии дека биле далеку побројни (околу 35.000).




## ОПИС НА БИТКАТА

Битката кај Херонеја била жестока и со многу жртви, така што долго време двете страни имале надеж за победа. Сепак, младиот Александар, успеал да ја пробие сојузничката линија потпомогнат од неговите придружници и го натерал десното крило на противникот да бега. Во меѓувреме Филип се упатил против левото крило и исто така ги натерал на бегство. Според извештаите на Полиен, некои современи историчари го предложиле следниот опис на битката:

„Откако општиот судир траел некое време, Филип ја натерал својата војска да изврши маневар на тркала, при што десното крило се повлекло, а целата линија се врти околу својот центар. Во исто време, движејќи се напред, Македонското лево крило ги нападнало Тебанците од нивната десна страна и направило дупка во сојузничката линија. Од сојузничката лева страна, Атињаните го следеле Филип, при што нивната линија се растегнала и се нарушила. Нивниот отпор бил целосно уништен, по што се повлекле, а Тебанците останале да се борат сами. Александар, со дел од македонските фаланги, бил првиот што ги пробил редовите на Светиот одред на Тебанците, елитата на тебанската пешадија, која била стационирана на крајната десна страна од бојната линија. Овој пробив набрзо резултирал со тежок пораз на противничките сили".

Атињаните загубиле повеќе од 1.000 војници, а уште 2.000 биле заробени. Загубите кај Тебанците биле големи Од славните 300 членови на Светиот тебански баталјон, 254 загинале, додека 46 биле ранети и заробени. Потврда за таквото тврдење е „Лавот од Херонеја", енигматичен споменик на местото на битката кој го означува местото на почивање на Светиот вод, којшто и денес претставува енигма. Современите ископувања под споменикот пронајдоа остатки на 254 војници.

## ПОСЛЕДИЦИ ОД БИТКАТА

Грчките полиси биле поразени и потпаднале под македонска власт, но немале статус на робови и не плаќале данок. Со општиот мир склучен зимата 338/7 г.пр.н.е. на Грците им била дозволена слобода и автономија, која сепак била ограничена, а со обврските наметнати од Филип II, им било забрането: насилно менување на уредувањето; нова прераспределба на земјата; отпишување на долговите; ослободување на робовите; протерување на политичките противници; конфискација на имотите; враќање на политичките бегалци; стапување во служба на други држави; здружување во сојузи; меѓусебни борби; мачење на робови.



Со склучениот мир после битката кај Херонеја, Филип II Македонски, иако воено не ги окупирал Грците (освен поставените четири воени бази околу островот Евбеја), сепак остварил мешање во внатрешните работи на полисите и во приватната сопственост на нивните граѓани, а со тоа и нивна подредена положба во однос на Македонците.

Со оваа решавачка македонска победа, Филип успеал да наметне спогодба со јужна Грција, која сите држави ја прифатиле, со исклучок на Спарта. Како резултат на тоа, Коринтската лига ги направила сите учесници - сојузници на Македонија, а на сите членови им се гарантирала слобода од напад, слобода на пловидба и слобода од мешање во внатрешните работи. Филип бил гарант на мирот, а за возврат бил избран за стратег (генерал) за Панхеленската војна против Ахеменидското Царство која долго ја планирал.

Сепак, пред да може да ја преземе контролата врз кампањата, Филип бил убиен од еден од неговите телохранители, а Кралството Македонија и одговорноста за војната со Персија му припаднале на неговиот син Александар. ■



*Како долгорочните операции влијаат на психичкото здравје на војниците*

# ПСИХОЛОШКИ ЕФЕКТИ ОД ДОЛГОРОЧНИ МИСИИ



Пишува: проф. Александар Грижев

**Војната што не се гледа**

Долгорочните воени мисии и операции претставуваат еден од нај-големите предизвици за психолошкото здравје на воениот персонал. Постојаната изложеност на стрес, неизвесност и опасности, оддалеченоста од домот и семејството, како и интензивните побарувања на мисијата, создаваат услови за развој на различни психички состојби кои можат да влијаат не само врз здравјето на поединецот, туку и врз ефикасноста на целата единица. Во оваа статија ќе ги разгледаме основните психолошки ефекти, симптомите на исцрпеност, како и превентивните мерки кои можат да помогнат за заштита на војниците.

**Психолошки ефекти од долгорочните мисии**

Војниците кои се наоѓаат во долгорочни мисии се изложени на најразлични стресови: од постојана изложеност на опасности до ограничени услови за одмор и опуштање. Ова доведува до појава на хроничен стрес, кој може да се манифестира како емотивна исцрпеност, намалена мотивација и чувство на безнадежност. Постојаната изложеност на опасност и несигурност предизвикува промени во мозочната хемија, кои можат да доведат до нарушувања во расположението и когнитивните функции.

Покрај тоа, долготрајниот стрес ја зголемува веројатноста за развој на психички нарушувања како што се:

- Посттрауматско стресно нарушување (ПТСП), кое се карактеризира со флешбекови, кошмари и високо ниво на вознемиреност.
- Анксиозни нарушувања, со појава на зголемена вознемиреност, паника и тешкотии со концентрација.
- Депресија, која го намалува интересот за активности, предизвикува чувство на тешка тага и исцрпеност.

Овие состојби може значително да го намалат квалитетот на животот на војникот, да го загрозат неговото здравје и да го попречат успешното извршување на

професионалните задачи.

Истражувањата покажуваат дека војниците кои не добиваат адекватна психолошка поддршка се изложени на поголем ризик од долгорочни последици, вклучувајќи социјална изолација, нарушени социјални односи и намалена способност за адаптација по завршување на мисијата.

**Симптоми на психолошко исцрпување (Burnout)**

Психолошкото исцрпување претставува синдром на емотивна исцрпеност, деперсонализација (отуѓување од другите) и намалена лична успешност. Симптомите кои војниците може да ги доживеат вклучуваат:

- Постојан умор и недостаток на енергија, која не се подобрува со одмор.
- Намалена мотивација и чувство на безнадежност, со губење на интересот за работа и активности.
- Проблеми со концентрацијата и донесувањето одлуки, што може да влијае на безбедноста и ефикасноста.
- Социјална изолација и отуѓеност од колегите, пријателите и семејството.
- Зголемена раздразливост, нетрпеливост и честопати нарушени односи со околината.

Овие симптоми не треба да се занемарат, бидејќи ако се остават без третман, можат да доведат до сериозни психички нарушувања, па дури и до самоубиствени мисли. Затоа, препознавањето и раното интервенирање се клучни.

**Превентивни мерки и препораки**

За да се намали ризикот од психолошко исцрпување и да се заштити психичкото здравје, препорачливо е да се применуваат следниве мерки:

1. **Редовна психолошка поддршка.** Психолошките консултации треба да бидат дел од редовната грижа, со можност за анонимна и доверлива комуникација. Единиците и установите треба да обезбедат присуство на обучени психолози и психотерапевти кои ги разбираат специфичностите на воениот живот.
2. **Образовни програми за справување со стресот.** Обука и тренинг за техники како што се длабоко дишење, релаксација, позитивно самоговорење, визуелизација и „mindfulness“ треба да биде стандарден дел од психолошката подготовка, но и да бидат инкорпорирани во секојдневната обука.
3. **Активно лидерство и поддршка од командниот кадар.** Командниот кадар треба да биде обучен да препознае знаци на стрес и исцрпеност и да обезбеди отворена и позитивна атмосфера каде војниците ќе се охрабруваат и ќе добијат поддршка да побараат помош без страв од осуда.
4. **Јакнење на тимската кохезија.** Тимската поддршка и солидарност се критични за справување со психолошките предизвици. Активности за јакнење на меѓучовечките врски и групна динамика (т.н. тимбилдинг) треба да бидат интегрирани во секојдневниот живот во единицата.
5. **Планирање на одмори и ротации.** Правилното планирање на ротации и периодични одмори се од суштинско значење за физичкото и менталното закрепнување на војниците. Важноста на ваквите мерки се покажува во бројни истражувања кои го поврзуваат правилното планирање со намалување на стапките на психолошки нарушувања.
6. **Промоција на здрав животен стил.** Воведување и поттикнување на редовна физичка активност, здрава исхрана, квалитетен сон и избегнување на штетни навики има позитивно влијание врз менталното здравје.
7. **Развивање на индивидуални стратегии за ментална отпорност.** Војниците треба да се подучуваат како да развијат лични стратегии за справување со стресот, како што се поставување реални цели, саморефлексија или барање помош и поддршка.

**Заклучок**

Долгорочните мисии се неизбежен дел од современите воени операции и бараат од војниците не само физичка сила, туку и психолошка издржливост на фронтот. Психолошките ефекти од овие мисии, доколку не се превенираат и третираат, можат сериозно да ја нарушат менталната стабилност, личната благосостојба и оперативната ефикасност.

Само преку холистички пристап, вклучувајќи превенција, континуирана едукација, поддршка од командниот кадар и психолошка грижа, можеме да обезбедиме здрави, мотивирани и подготвени војници кои успешно ќе ги извршуваат своите задачи. ■



# Командната одговорност во служба на правдата и човечноста во вооружените сили



Пишува: потполковник Милена Чатмова

Во светот каде што војската претставува симбол на дисциплина, сила и заштита, ретко кога се зборува за другата страна на таа моќ – одговорноста. Не само за индивидуалната, туку и онаа која треба да ја има секој кој заповеда. Секоја наредба има тежина, секој пропуст последица. Командната одговорност не е само правна конструкција. Таа е темел на етичкото водење, особено кога се губи разликата меѓу „приказна“ и „злосторство“.

Командната одговорност претставува суштински стожер на уреденото функционирање на воените структури, израз на доверба и должност која налага лидерите не само да раководат, туку и да одговараат за секоја активност под нивна команда. Таа е правен и етички концепт кој ја врзува моќта со обврската да се обезбеди почитување на меѓународните и домашните стандарди, особено во контекст на вооружени конфликти и операции.

Во правниот систем на нашата земја командната одговорност е јасно утврдена во повеќе одредби на Кривичниот законик. Членот 137 предвидува кривична одговорност за „вршење престап против хуманоста и правилата на вооружениот конфликт“, со посебен акцент на командната одговорност како елемент што ја проширува одговорноста и за оние коишто имаат раководна позиција. Членот 138 дополнително опфаќа одговорност за „престапи против човековите права во време на вооружен конфликт“, со што законодавецот ја нагласува сериозноста на обврската за заштита на хуманоста. Исто така, член

139 утврдува казнена одговорност за „злоупотреба на положба или овластување“, што има значење за оние командни позиции кои ги злоупотребуваат своите овластувања, овозможувајќи или прикривајќи повреди на правото.

Но, ова не е само прашање на параграфи. Ова е прашање на луѓе. Историјата познава болни лекции кои ја потврдуваат оваа вистина. Масакрот во селото Мајклај во Виетнам во 1968 година беше настан кога светот ја увиде суровоста и потребата од јасна командна одговорност. Војниците кои учествуваа во убиството на стотици цивили беа обвинети и казнети, но клучниот елемент беше одговорноста на нивните команданти. Нивната немоќ или одбивање да го спречат злосторството и да го санкционираат после неговото случување, отвори нова ера во правните стандарди за воено однесување. Овој случај претставува преседан кој го потврди неопходниот интегритет на командните структури и нивната улога во зачувувањето на хуманоста, дури и во најтешки услови. Истото го потврдија и современите процеси пред Меѓународниот кривичен суд за поранешна Југославија и Меѓународниот кривичен трибунал за Руанда. Овде, генералите, командантите и политичките лидери не беа само „набљудувачи“, туку актери, чии пропусти, премолчувања или неактивности доведоа до масовни страдања. Судовите утврдија: да не преземеш ништо кога имаш моќ да спречиш – е злосторство само по себе.

Во овој контекст, „само ја следев наредбата“ не е одбрана. Тоа е признание за откажување од моралот. Меѓународното хуманитарно право преку Женевските конвенции јасно дефинира дека секој командант има должност:

- да ги спречи повредите на меѓународното право;
- да санкционира ако истите се случат;
- да воспостави контрола над своите подредени.

Оваа обврска, денес, не е само формалност. Таа е инструмент за одржување на довербата на цивилите во воените сили. Во земји во транзиција како нашата, каде секоја институција се соочува со предизвици на транспарентност и легитимитет, одговорното воено раководство е мост кон стабилност.

Во нашата земја, како дел од законските рамки и обврски, армијата и нејзините лидери се повикуваат на овој принцип како темел на професионалното и легитимно раководење. Тие мора да обезбедат не само ефикасност, туку и почитување на достоинството и на правата на сите учесници, како во мирновременски, така и во конфликтни ситуации. Во време кога нашата земја е активна во меѓународни мисии, улогата на командантите како носители на вредности е клучна.



Ниту еден униформа не ја покрива вината. Униформата треба да биде симбол на чест, не на прикриена одговорност. Принципот на командна одговорност е тука да потсети: моќта доаѓа со цена, а таа цена е будна совест и подготвеност на отчет.

Командната одговорност мора да се интегрира во секој аспект од раководството – преку континуирана едукација, воспоставување на ефективни процедури за пријавување и санкционирање, и, пред сè, преку личен пример и доследност на лидерите. Не е доволно само да се познаваат законите, потребна е внатрешна дисциплина на карактерот. Тоа е тешко, но и благородно.

Вистинската тежина на командната функција не се гледа само во давање наредби, туку во способноста навремено да се спречат, да се пријават и да се санкционираат евентуални прекршувања. Тишината, пасивноста или прикривањето на делувањата под команда не се неутрални постапки – тие се свесен избор со последици. Лидерството во униформа не подразбира само оперативна одговорност, туку и морална зрелост и капацитет да се дејствува правично, дури и кога тоа значи соочување со своите редови.

Командната одговорност не е само правна или формална обврска, туку израз на врвното лидерство кое се темели на интегритет, храброст и посветеност. Таа е темелот врз кој се гради довербата во армијата, во системот на одбрана и во државата како целина. Одговорноста што ја имаат генералите, офицерите и сите носители на командни функции, е основната алка во синџирот на сигурност и правда, без која военото раководење не може да биде ефикасно и одржливо. ■



# ОСНОВИ НА ПРВА ПОМОШ ЗА РАНИ ВО ВОЕНИ УСЛОВИ

Пишува: Станка Петкова

Воените рани здобиени на фронтот кај војници или цивили обично бараат итна, специјализирана, трауматска интервенција. Во текот на последните две децении можеше многу да се научи од повредите здобиени за време на конфликтите во Авганистан и во Ирак.

За детално да се опишат повредите здобиени за време на конфликтот и да се стекне искуство, треба да се обезбедат информации за воениот персонал што е повреден на бојното поле и кој има оптимална шанса за преживување и максимален потенцијал за функционално закрепнување.

Презентирајќи ги повредите здобиени на бојното поле, иако не е научна база на податоци, се чини дека е најдобрата база на податоци за следење на повредите од војната денес.

Во воени услови, првата помош за рани игра клучна улога во зачувување на животот на повредените и намалување на ризикот од инфекции. Брзата, правилна и ефикасна интервенција може да спаси многу животи од сигурна смрт.

Пред да се пристапи кон интервенција, потребно е да се уверите дали постојат безбедни услови за сите кои се вклучени во самата постапка. Следниот чекор е да ја процените ситуацијата, односно да се определи видот и среиозноста на раната.

Ако раната е тешка, со изложени делови од ткиво или со значително крварење, треба веднаш да се започни со третман.

Стратегии за прва помош:



**1. Затегање и притисок на крварењето**

Се поставува чиста крпа, газа или стерлен завој врз раната за да се спречи крварењето. Доколку крверењето не запира, се продолжува со притисок и се поставува обичен завој или некој друг материјал.

**2. Заштита од инфекции**

Доколку е можно, покријте ја раната со стерилен материјал за да се заштити од загадувачи и инфекции. Тој ризик е висок во случај на повреди од експлозија, додека кај изгореници, шрапнели и убодни рани, ризикот од инфекција е малку поголем отколку во цивилни услови поради природата на околината.

**3. Поддршка на повредниот**

Овие ситуации предизвикуваат шок, па се препорачува ранетиот да се постави во удобна позиција, да се обезбеди доволно воздух и да се остане со повредениот сè додека не пристигне професионална помош.

**4. Контактирање на професионалци**

Со цел да се обезбеди дополнителна помош, најважно е да се повика брза помош или повредениот да се транспортира до медицинска установа.

Обуката за прва помош е од клучно значење за секое воено или цивилно лице. Грижата за раните во воени услови претставува критичен дел од медицинската поддршка која може да спаси човечки животи.

Брзината, точноста и правилното извршување на првите интервенции се клучни за спречување на опасни последици како инфекција, шок или трагедија. Секој што е обучен да укаже прва помош треба да биде свесен за важноста на своите акции и да се стреми кон најдобрза заштита на животите околу себе.

Во секојдневната практика, постојаната обука и подготовка се задолжителни за да се одговори со компететност на кризни ситуации.

На крајот треба да се потсетиме дека човечката состојба е кревка и нефункционална без поддршка и грижа. Грижата за раните не е само медицински дел, туку и човечка, етичка и морална одговорност. Исто така, важно е да се запамети дека во сите ситуации, особено во воените, треба да се запазува човечноста, бидејќи човек заслужува почит и заштита, без разлика на обликот на повредите и ситуациите.

Зачувувањето на животот и здравјето на повредените луѓе е човечка одговорност која сите ние сме должни да ја применуваме со чест и храброст. ■







# Марија Пеликон, подофицер и армиска репрезентативка во трчање на долги патеки

# Секојдневна желба за себенадминување

Пишува: Борче Лозановски

Спортот е симбол на физичка и ментална подготвеност, дисциплина, издржливост, вредности кои се длабоко вкоренети и во војничката професија. Од тие причини голем број армиски припадници се и активни спортисти. Една од нив е и Марија Пеликон. Станува збор за главен наредник (највисок подофицерски чин во АРМ) и армиска атлетска репрезентативка, која во последните 15-тина години настапила на речиси сите армиски трки (друмски и планински). Во најголемиот број од тие трки Пеликон беше меѓу најбрзите, а последниот успех и е триумфот во крос-кантри трчање на 3.000 метри, на минатомесечните финални спортски игри по повод Денот на Армијата. Претходно кажаното говори дека од Пеликон и во иднина може да очекуваме значајни резултати, што беше повод да ја пренесеме нејзината спортска и армиска приказна на страниците на магазинот „Штит“.

**Од кога сте во редовите на АРМ и зошто се одлучивте за војничката професија?**

- Отсекогаш мечтаев за професија каде има ред и дисциплина. Желба ми беше да бидам полицаец, но пред 30-тина години домашните не ми дозволија бидејќи тоа беше период кога таа професија не беше посакувана за жените. Немав храброст да им противречам, бидејќи тогаш така бевме воспитувани, па отидов во сосема друг правец. Сепак, во 2000 година се пријавив на конкурсот за втората генерација жени-подофицери во АРМ, ме примија и еве веќе 25 години сум во средина во која постепено ја градев кариерата. До 2018 година бев во Баталјонот за почести, а последниве 7 години сум во Секцијата за цивилно-воена соработка во Генералштабот. Под покровителство на Меѓународниот совет на воени спортови настапувам за Армијата од 2007 година.

**Како е да се биде дел од македонската армија?**

- На сите им посакувам да се пронајдат во професијата, како во мојот случај, бидејќи сум на место кое нуди широк дијапазон на можности да комуницираш со луѓе. Освен професионалните обврски, ја гледам и онаа другата структура - цивилната, па оттука пожелно е да се има пофлексибилен пристап кон решавање на предизвиците. Затоа и ја засакав оваа работа, која е како скроена за мене, динамична, активна, секојдневно различна. Јас со задоволство ја работам мојата професија.

**Колку спортот е значаен за војничката професија?**

- Спортот е многу важен сегмент за армијата, бидејќи е клучна алатка за менталното здравје и за успешно извршување на мисијата, на задачата. Да не биде клише, ама „во здраво тело здрав дух“. Менталното здравје е клучно за нашата професија и за градење на здраво општество, а Армијата е лицето на целото општество. Ние сме тоа лице. Затоа, ова нека биде мотив за сите да се занимаваат каква било спортска активност. Ќе ја почувствуваат разликата прво кај себе, во околината и во перцепцијата на нештата, а спортот ќе им стане начин на живот.

**Да се префрлиме на Вашата атлетска кариера. Од кога и зошто се одлучивте за трчањето?**

- Уште од мали нозе се занимавам со спорт, почнав со пливање. Сепак, по-

ради здравствени причини (чести настинки) морав пливањето да го заменам со друг спорт, а како најсоодветен ми делуваше трчањето, иако како навлегуваш професионално гледаш дека не е „најевтин“, бидејќи потребно е вложување во опрема и патики за најразличен терен, потребни се суплементи и посебна исхрана. Искрено, со трчањето почнав рекреативно, но го засакав и веќе 15 години е моја вистинска терапија за духот и телото.

**Кој е рецептот за успешни резултати во трчањето и дали сте член на некој клуб?**

- За успех во овој спорт, веројатно како и во другите спортови, треба навистина да го сакаш и да си посветен, бидејќи само дисциплината дава резултати. Тоа е докажано, а јас потврдувам и од лично искуство, бидејќи можни се мали отстапки поради временски услови, здравствена состојба, кои не се видливи доколку тренираш редовно и си подготвен за трка. Но, ако калкулираш, тоа драстично ќе се одрази на резултатите. Инаку, никојпат не се определив за атлетски клуб, бидејќи сакам индивидуално да работам и да одлучувам. Одлучив сама да се подготвувам и да учам од своите лични искуства, а за досега постигнатото најмногу ми помогнаа настапите вон нашите граници, каде што видов врвни спортисти како тренираат и едноставно „крадеш“ искуства и се приспособуваш.

**Настапувате и на друмски и на планински трки. Кои ви се подраги и зошто?**

- Станува збор за многу различни атлетски дисциплини, а јас повеќе ги сакам поисцрпувачките – планинските. За нив е потребна екстремна, пред сè физичка, но и ментална подготвеност, бидејќи треба да се снајдеш на непознат терен, на различни технички, временски услови, и, ако не си ментално подготвен, може да настрадаш. Тоа се трки од 20 километри па и повеќе, има ултра маратони, а јас уживам бидејќи се трча во природа, што е незаменливо. Дополнително, секое искуство те прави посилен, мотивиран да не се откажеш, поупорен да издржиш до крај. Кај нас таа упорност се граничи со лудост, затоа што има секакви ситуации. Еве неодамна во Ростуше, на „Крчин треил“ имаше опасност од мечки, па патеката беше изменета, беше подолга со цел да се заобиколи ризичниот предел. Мислам дека многу побрзо трчав од страв, за да стигнам жива и здрава до целта, и покрај големиот умор и екстремно топлото време. Речиси секоја планинска трка е еднаква на преживување.

**Кои постигнувања ќе ги издвоите како најзначајни во досегашната кариера?**

- Покрај настапите на балкански




и европски првенства во крос-кантри и планинско трчање, како и полумаратони, имам учествувано на речиси сите армиски кросови и трки, а пред 10 години бев прогласена за спортист на годината во македонската армија. Со гордост можам да кажам дека лани го истрчав Скопскиот маратон (42.195 метри) како армиски репрезентативец, а тука ќе ги издвојам и настапот на Светската воена олимпијада во Вухан (НР. Кина), потоа првото место во категоријата од 40 до 45 години во Македонската тркачка лига (во генерален пласман сум осма), како и актуелниот пласман во најдобрите 5 на актуелната скај ранинг-лига во Македонија. На речиси сите армиски трки сум била меѓу првите, ама за мене не е целта да стигнеш само до пиедесталот, туку и да се победиш и да се надминеш себеси.

**За крај, кои се Вашите планови и желби за настапите во наредниот период?**

- Пред сè си посакувам здравје, тоа е приоритет за да можеш да бидеш конкурентен. Кога се во прашање натпреварувањата, посакувам да бидам првата жена во македонската армија која со целосна војничка опрема на себе ќе го истрча маратонот што во ноември ќе се одржи во Швајцарија. Станува збор за многу тешка патека во должина од 42 километри, но јас имам самодоверба и верувам дека имам капацитет да го направам тој подвиг. Секако, тука е и борбата за што подобар конечен пласман во годинашните Македонска тркачка лига и Скај ранинг-лигата, а во 2026 година посакувам успешен настап на маратонот на Светското армиско првенство кое ќе се одржи во Скопје. ■

## Апел за формирање на спортска чета

- Многу ми е жал што во Армијата немаме чета која ќе биде спортски „расадник“ за идните генерации. Таа идеја постои неколку децении, но еве не заживеа. Имаме капацитет, квалитетен спортски кадар, луѓе кои се занимаваат со атлетика, кајакарство, кошарка, футсал, бијатлон, велосипедизам, стрелаштво... Ама за постигнување подобри резултати, потребно е да се мотивираат и да се вложи во нив. Неопходен ни е скаутинг-систем кој ќе препознава млади таленти, ќе ги донесе во Армијата, ќе ги вработи во една чета каде ќе бидат целосно посветени на спортот, ќе тренираат, ќе напредуваат и со успешни резултати ќе ја промовираат и претставуваат не само Армијата, туку и државата. Тоа го гледаме во многу армии каде што настапуваат професионалци, за разлика од нас кои сме аматери, вљубеници во спортот. Сигурна сум дека доколку имаме спортисти чија примарна задача ќе биде тренингот, со соодветни услови за работа, тогаш би имале резултати со кои би се гордееле и на меѓународната сцена. Се надевам дека во блиска иднина и нашата армија ќе формира спортска чета и кога ќе отидам во пензија ќе ми биде драго доколку на идните генерации им оставиме нешто во наследство. Тоа ќе биде најдобар доказ дека тоа што сме го правеле не било залудно, односно дека останало нешто зад нас, мотив за идни поуспешни млади луѓе, вели Пеликон. ■





# „Браќа“

„Браќа“ е американски психолошки трилер од 2009 година, напишан од Дејвид Бениоф, во режија на Џим Шеридан. Филмот е римејк на истоимениот дански филм од 2004 година, напишан од Сузан Бир. И двата филма се инспирирани од епската поема „Одисеја“ од Хомер. Во главните улоги настапуваат Тоби Магваер, Џејк Џиленхол и Натали Портман. Филмот ја раскажува приказната за повеќегодишната емотивна врска меѓу браќата, капетанот Сем Кејхил (Магваер) скромен офицер од американскиот воен комитет и Томи, најчесто поставен како оној што е поразличен и помалку прифатлив за општеството. Сем е оженет со неговата девојка од средно училиште, Грејс, со која има две мали ќерки, Изабел и Меги. Помладиот брат на Сем, Томи, е условно ослободен од затвор откако е уапсен за вооружен грабеж, само неколку дена пред заминувањето на Сем во Авганистан.

За време на воената мисија на Сем, неговиот хеликоптер се урива. Маринецот Сем Кахил се смета за мртов, заедно со војникот Џо Вилис, и се прогласени за убиени во акција од страна на американската влада. Но тие се единствените преживеани во мисијата и се заробени од Талибанците. На пат кон дома, братот Томи се обидува да и помогне на сопругата на Сем, Грејс, и на двете деца. Ненадејното враќање на Сем дома предизвикува семеен хаос.

Во филмот се истакнуваат нивните односи, како се поддржуваат еден со друг низ различни животни ситуации, како и сите предизвици со кои се соочуваат како браќа. Тие ги споделуваат заедничките успеси и неуспеси, а приказната истакнува и теми како братската љубов, доверба, неверство, предизвици во семејниот живот, личен раст и прифаќање. Во повеќе сцени се гледа како се справуваат со општествени или лични проблеми, како што се семејните конфликти, љубовните недоразбирања или некои општествени тешкотии. Филмот, исто така, ја истакнува важноста од семејна поддршка и искренос меѓу браќата.

Овој филм е одличен пример за тоа како едноставни животни приказни можат да го донесат човечкото срце на тој начин што ќе испливаат важни теми за семејството, прифаќањето и личната борба. Важноста за односот меѓу браќата и нивната нераскинлива врска што продолжува и после сите големи животни предизвици. ■

**Режија: Џим Шеридан, Сценарио: Дејвид Бениоф, Врз основа на Бродре од Сузане Бир и Андерс Томас Јенсен Продуценти: Мајкл Де Лука, Сигурјон Сигватсон, Рајан Кавано, Во главните улоги: Тоби Магваер, Џејк Гиленхал, Натали Портман, Сем Шепард, Кинематографија: Фредерик Елмес, Музика: Томас Њуман, Продукција: „Релативити медиа“, „Мајкл де Лука продакшнс“, „Сигватсон филмс“, Дистрибуирано од Лајонсгејт, Датум на издавање: 4 декември 2009 година (САД), Времетраење: 105 минути, Земја: САД, Јазици: Англиски, Буџет: 26 милиони долари**

Пишува: Станка Петкова



Јарослав Франтишек Јулиус Вешин е роден 1860 година во градот Врањ во денешниот округ Кладно во Централниот боемски регион. Студирал на Академијата за ликовни уметности во Прага, но се префрлил на Академијата за ликовни уметности во Минхен во 1881 година и дипломирал во 1883 година. Вешин се преселил во Бугарија во 1897 година, каде што останал до крајот на својот живот. До 1904 година тој бил професор на Националната академија за ликовни уметности во Софија. Главен мотив во неговите слики се сцени од животот на обичниот бугарски селанец , но за време на Првата балканска војна сликал слики со воена тематика. Починал во Софија на 9 мај 1915 година. ■





Пишува: м-р Трајче Чатмов

Јустинијана (Јанка) КАНЕВЧЕВА, Михаил ГЕРЏИКОВ и ќерката Магда ГЕРЏИКОВА, 1913 година. Од приватната архива на Душко Апостолоски и Диме Ратајкоски.



**Фотографијата ја раскажува романтичната и трагичната љубовна приказна на Гоце Делчев и Јанка Канчева.**
**Михаил Герџиков, најдобриот другар на Гоце Делчев, имал важна улога во нивната животна приказна. Тој морал да се ожени за Јанка Канчева за да го исполни ветувањето што му го дал на Гоце Делчев, кој му рекол дека ако нешто му се случи нему, тој да се ожени за Јанка.**
**Овој важен чин бил знак на верност и исполнување на нивните лични и револуционерни ветувања.**